АЛЕКСАНДАР АПОСТОЛОВ



ВИНИЧКА АЃЕРА

ВИНИЦА

Виница 1997

ВОВЕД

Авторот на книгава, како наставник во Кочанската гимназија (1949 - 1955), за прв пат дознава за крвавиот настан што се случил во Виница под турска власт во 1897 година. Едновремено и како вонреден студент на Групата за историја на Филозофскиот факултет во Скопје тој се заинтересира за овој настан, и откако доби општи сознанија за него од непосредните негови учесници (актери, жртви, свидетели и воопшто современици), реши да се зафати со овој проблем за да го обработи како Дипломска работа на завршниот испит од своите студии.

Предложената тема со наслов "Виничката афера" беше прифатена од предметниот наставник за македонската историја професорот Љубен Лапе.

По упатството на професорот започнав да прибирам материјали и да истражувам на теренот што бил опфатен од Аферата.

Моите анкетирања започнаа на лица кои живееја во Кочани. Освен во Кочани, во Виница анкетирав најголем број лица.

Истражувањата за настаните и за лицата "замешани" во "Аферата" ме водеа по "Тајниот канал" на ТМОРО, создаден од Виничката организација по инструкциите на Гоце Делчев, идеологот на Организацијата.

Со оглед на состојбата на комуникациите и превозните можности во 1953 година кога ги започнав истражувањата на теренот, бев принуден да изодувам десетки километри пеш, особено во тогаш Царевоселската (Делчевската) околија. Тргнувајќи од Делчево кон Македонска Каменица, а оттаму по Каменичката Река, крајна цел ми беше селото Саса и неговото "Сарафско маало". Таму го најдов дедо Анто, старец над 100 години, курир на крајграничната База за прифаќање на луѓе, литература и оружје испраќани од Ќустендил за Македонија и обратно.

Откако собрав искажувања од луѓе на овој дел од теренот се вратив во Кочани по билата на осоговските огранoци преку селата: Цера, Пресека, Оризари - Кочани.

Втората маршута, со иста теренска истражувачка работа, ме водеше во моето родно Злетово преку селата од Кратовската околија до Кратово. Овој град и неговата околија беа зафатени од "Аферата", речиси не помалку од Виница и Кочани. Кратовската каза (околија) во времето на "Аферата" припаѓаше на Скопскиот револуционерен округ на ТМОРО, та таму истрагата се водеше од тамошни припадници на турската полиција. Па и патиштата за конвоирање на сомнителните лица водеа кон Скопје по друга комуникација.

Посебно ќе се задржам на Кратовскиот револуционерен реон заради важноста на состојбите на личностите и на настаните во него пред, во време , и непосредно по "Виничката афера", сигурен, дека читателите ќе го оправдаат трудот и просторот што му го посветив на овој реон.

Списокот на анкетираните испитаници читателот ќе може да го види при карајот на книгава каде што тие се подредени по азбучен ред на нивните презимиња. Освен името и презимето забележано е и родното место, датумот на раѓањето, местото на живеење каде што се земени податоците и датумот кога се земени.

Во 1993 година истражував во Софија во Библиотеката на Унив. Кирил и Методиј во ракописно документарниот сектор. Најдов податоци за Ќустендилскиот комитет (Друштво) од времето на "Аферата".

По повод 80 години од "Виничката афера", авторот на оваа книга прочита свој прилог за неа на Свечената академија одржана во Виница на 14 ноември 1977 година, а потоа одржа предавање и во Кочани по тој повод, во Киносалата, органинзирано од Работничкиот универзитет од градот.

За "Виничката афера" нема посебна книга (монографија). Книгава е прва од тој вид посветена на Стогодишниот јубилеј од настанот.

За "Виничката афера" (во продолженија) објавени се текстови на бугарски јазик во 1939 година во спанието "Илюс" "Илиндень" од перото на Христо Настев. Настев, родум од Штип, кога започнала "Аферата" бил на гости кај сестра си која била мажена во Виница. Тој, како учител во Виница во учебната 1898/99 година и како секретар на Црковно-училишната општина можел и бил должен да ги набљудува и да ги бележи настаните и луѓето зафатени од тој критичен период за Виница и за Организацијата, затоа сметам дека

неговите искажувања се најверодостојни, барем тие што се однесуваат на оваа тема и за Виница. И други автори, по потекло од Македонија, во свои трудови со обемна содржина, напишани на бугарски јазик, ја третираат "Виничката афера".

Неколку македонски историчари по Втората светска војна, на македонски литературен јазик имаат објавено свои научни трудови во вид на статии за "Аферата", или ја зафаќаат во некој свој пообемен труд со друга насловна тематика. Нив, како и друга литература и извори ги користев за овој свој труд. Нивните имиња и насловите на нивните трудови се наоѓаат на крајот од книгава на соодветно место.

На крајот на овој вовед должен сум да се заблагодарам на Советот и на градоначалникот на општина Виница господинот Горан Ангелов, којшто е заслужен што книгава за "Виничката афера" се отпечати токму на време за одбележувањето на Стогодишниот јубилеј.

ВИНИЧКАТА АФЕРА

Создавање мрежа на Тајната македонско револуционерна организација (ТМОРО) во Источна Македонија пред "Аферата".

Македонската интелегенција што се ,роди во декадата на седумдесетите и осумдесетите години и што се оформи во наредните децении од XIX век ги удри темелите на националното револуционерно движење на македонскиот народ. Таа го понесе на своите плеќи сиот товар на статутарното и практичното оформување на Тајната македонско одринска револуционерна организација создадена во октомври 1893 година во Солун од Дамјан Груев и уште петмина Македонци, негови другари и едномисленици.

Формирање раководство во Штипскиот револуционерен округ

Во 1894 година Дамјан Груев беше назначен за учител во Штип. Во есента истата година за учител во Штипското Ново Село беше назначен Гоце Делчев. Овие двајца великани со асистенција уште и на Тодор Станков, прилепчанец и тој учител во Штип, како и штипјаните Мише Развигоров, исто така учител, Тодор и Арсо Лазарови и др. го оформија Штипскиот револуционерен комитет, еден од шесте окружни револуционерни комитети што ја покривале територијата на цела Македонија под турска власт.

Гоце Делчев, со својата воена подготовка, со својата визија за создавање свет без насилство и угнетување; со умешноста за организаторската работа, особено со селанските маси и со својата педагошка преокупација во Штип стана "душата на ТМОРО".

Според искажувањата на учителот Туше Делииванов: "Гоце се занимаваше со организирање на селата... Секоја сабота навечер тој исчезнуваше од Штип, некогаш преоблечен, а се враќаше во недела навечер или рано во понеделник... Сите села во Околијата беа посветени, а и по некои од соседните околии беа посветени...

Организирањето на селото и уредувањето на каналите беше исклучиво Гоцево дело, бидејќи ние со Дамета во тоа немавме никакво учество".

Создавањето таен канал меѓу Штип и Ќустендил (во Бугарија) за пренесување пошта, оружје и преведување луѓе на Организацијата

Како резултат на Гоцевата дејност беше создаден канал што тргуваше од Штип по левата обала на реката Брегалница, па преку Виница и селата од Царевоселската околија (сега Делчевска) ја преминуваше турско - бугарската граница кај селото Илиово, а потоа до Ќустендил.

Главен пункт на овој канал беше Виница. Зошто токму Виница беше определена за оваа важна задача на Организацијат? Ќе се послужиме со описот на тогашна Виница што ни го дава нејзиниот учител од тоа време штипјанецот Христо Настев, кој во учебната 1898/99 година бил и раководител на ТМРО во Виница.

Виница беше позната со својот најголем неделен пазар во Скопскиот вилает. Пазарниот ден во среда масовно го посетуваат селаните и граѓаните од Кочанската околија; од Пијанец и од Малешевијата. На виничкиот пазар тие ги носеа своите производи и добиток за продавање. Во Виница се уговарале спогодби за откуп на "Кочанскиот ориз". Во летниот период се закопувало целото производство на афион, афионско и сусамово семе за извоз. На овој пазар се вршел промет со големи количества сточни производи, жив добиток, пастрма, секакви овошни плодови и домашно производство од нив.

Заради оризот, Виничкиот пазар бил посетуван од познати трговци од сите краишта на Македонија, а заради афионот идеа претставници на странски трговски фирми. Афионскиот катран претставувал најскап производ за извоз во странство. Цената на овој производ, според квалитетот, изнесувала 4 до 5 златни турски лири за една ока (1.280 грама.)

Според пишувањето на Настев, тогаш во Виница немало сиромашно семејство, бидејќи виничани умееле рационално да ги користат своите полски имоти. Освен тоа во рацете на виинчани биле главните стопански активности во градот и околијата.

Во 1899 година Виница имала 2.600 жители, од кои 1.700 биле "Бугари" (како што пишува учителот) и 900 Турци. Виничани биле родољубиви патриоти, набожни и просветољубиви. Старата црква во Виница била посветена на Св. Архангел Михаил, а во неа чиподејствувале тројца свештеници: Антим Каранов (секако од Кратово - А.А.), Илија Паунов и поп Христо. Учители во првокласното и основното училиште биле: Григор Димитриев, родум од Виница, со завршено педагошко училиште; Димитар Х. Панов, од Штипско Ново Село, кој истовремено бил и црковен певец-псалт и учителката - госпоѓицата Роса Накова од Велес. Училиштето се издржавало од приходите на црквата.

Турците имале само една првобитна џамија во која оџата ги подучувал турските деца во зимскиот период од годината.

Македонците од Виница имале предимство во секој поглед над турското население на Виница. Турците од своја страна не се однесувале злобно и надмено како припадници на господаречката класа; живееле скромно и секогаш дружељубиви со останатото население на Виница.

Во административен поглед Виница, со околните села, подпаѓале под Кочанската каза каде што се наоѓала и полициската станица.

Создавање на раководното тело во Виничкиот пункт на тајниот канал

Токму таквата положба на Виница и на нејзините граѓани обуслови уште во време на создавањето на ТМОРО и во Виница да се создаде месно раководно тело на чело на кое застанале имотните трговци Спиро Ампов и Ѓорги Јованчев. И двајцата одлично познати на населението од селата на виничката околина, а Спиро Ампов познат и на чаршијата од Пехчево, Царево Село и Кочани. Неговата сопруга била од Штип, та и роднинските врски и деловните активности со овој град за Спиро биле мошне разгранети.

Спиро и Ѓорги биле повикани во Штип од Гоце Делчев и Дамјан Груев и им била дадена задача да создадат таен канал од Виница за Кустендил и обратно. Благодарение што ги познавале добро луѓето од планинските села што водат кон границата, каналот бил устроен според инструкциите што им ги дале Гоце и Даме. Прв курир на овој канал бил Ангел баба Божанин од Виница. Во селата Јакимово,

Драгобраштa, Кршлата и Илиово биле создадени јавки од лица кои биле на услуга на сите комуникации и комуницирања по устроениот канал.

Гоце Делчев, сакајќи да се увери во сигурноста на овој канал, како и да го засили купувањето оружје и други материјали, преку создаденото од него Задгранично претставништво на ТМОРО, и самиот, придружен од Ангел Винички, неколку пати оди за Софија и оттаму, наполно безбедно, се враќа со товари оружје и нужна за револуционерното дело литература. Гоце, Даме и целата Организација одушевени се од функционирањето на оваа животна артерија за ТМОРО - тајниот канал. Авторитетот на Организацијата расне меѓу селанските маси. Тие ја прегрнуваат оваа своја рожба и целата надеж и доверба им е во неа. За кратко време во Организацијата беа опфатени поистакнатите селани од Блатец, Липец, Лески, Зрновци и други. Најзаслужен за нивното организирање бил Спиро Ампов, кој се ползувал со авторитет и доверба среде селаните на овие села. Од Виница до Штип исто така бил устроен канал за потребите на Организацијата. Оружјето што се донесувало од Бугарја и до десет товари наеднаш, било придружувано и складирано од Ангел Божанин. Привремените складови се наоѓале во селата околу Виница: Драгобраштa, Кршлата, Јакимово, Лески и Зрновци. По заповед од Штип, ова оружје се префрлало до Штип во вид на трговска стока. Од Виница, преку Штип, за Битола, биле испратени бомби во вреќи со ориз. Нив ги пренел кирациjата Андон Тошев, од Штип во пролетта 1896 година. Тие бомби ги барало Битолското окружно раководство "за да им се порадува". Фатениот Доне, и покрај грозните маки на кои бил ставен, не признал дека бомбите му се дадени од Виница. Со своето херојско држење пред турската полиција во Битола, овој, дотогаш анонимен кирациja и скромен работник на Организацијата, станал идол за подржување од револуционерната младина на Македонија. Битолчани го овековечија Донета со песната: "Ми товарил калеш Дончо три товари ориз...".

Макар сеуште во почетната фаза од своето постоење и дејствување, ТМОРО беше постигнала завидни резултати во Виничкиот регион. Спиро Ампов, како главен човек во Црковно - училишната општина во Виница, беше назначил погодни луѓе за учители и за раководители на месни раководни тела на ТМОРО. Во 1895/96 учебна година го беше назначил својот шура Христо Настев

од Штип, за учител во с. Лески, иако тој сеуште беше ученик во последната година на Педагошкото училиште во Скопје. Нему и на свештеникот Крстев, во истото село, им ја беше доверил раководната работа на Револуционерната организација. (Христо Настев, како најкомпетентна личност, остави приказ за Виничката афера во списанието што го спомнавме и што го користиме за оваа книга). Дури и неколку жени од Виница станале членки на Организацијата, и речиси, биле незаменливи во укривање на материјали и оружје во Виница и растурање нужни известувања до организираните членови.

Бидејќи во Виница не постоела турска полиција, ниту друга вооружена формација, Организацијата можела спокојно да ја развие својата сестрана дејност, не сомничена од Турците виничани, кои што со македонското население имале не само коректни односи, туку и сожителство, чијашто спојка бил земјоделскиот труд.

И токму "робот престанал да се чувствува роб", бидејќи веќе се беше запознал со оружјето наменето за востание кога целиот народ од Македонија ќе биде готов за тој крвав чин, без кој слободата сама не доаѓа, создадениот Врховен комитет во Софија во 1895 година, започна да се меша во Организацијата создадена во Македонија, со првобитна намера да ја помогне, но и со тенденција да ја преземе однатре. Испратената од него чета во 1895 година, во близината на Виничкиот реон, беше разбиена на планината Голак, а заробените четници од турскиот аскер биле дотерани во Виница и тука пренокувале пред да бидат конвоирани за Кочани. Виничани биле потресени од односот на турските војници и башибозукот спрема овие заробеници, бидејќи меѓу нив биле и двајца штипјани Михаил Кркмалиев и пане Чаушко, кои им биле познати на некои луѓе од Виница.

Во истата 1895 година се појавил во Виничките села и Александар Чакров, родум од Велес, пред тоа бил учител во Виница. Ценејќи го неговото минато и неговото однесување во време на учителствувањето во Виница, народот го запознал како авантуристичко - егзалтирана личност, наклонет кон манифестации што би предизвикале ефект кај околината. Тој, облечен во униформа на бугарски офицер, дошол тајно од Бугарија и барал средба со раководните луѓе на Организацијата во Виница. Кога се сретнал со Ѓорги Јованчев во с. Драгобрашта, изјавил дека бил испратен од Врховниот комитет од Бугарија за да крева востание во Кочанско.

Барал да му се стават на располагање луѓе од Организацијата со кои ќе ја изведе оваа своја замисла. Известен за ова, Гоце Делчев заповедал Чакаров веднаш да с врати назад, дури ако е потребно и со сила. Во писмото што Гоце го испратил по тој повод до виничкото раководство, меѓу другото се вели и ова: "Ако Македонија може да се ослободи со четириесетина вооружени востаници, како што мисли господинот Чакаров, таа одамна ќе беше слободна".

Чакров бил принуден да се врати, не наоѓајќи подршка за својата намера.

Ќустендилскиот комитет (друштво) за прифаќање и испраќање оружје, пошта и материјал

Врховниот комитет што ја испратил четата во Македонија е основан од Македонци на чело со ресенчанецот Трајко Китанчев во 1895 година во Бугарија. Тој комитет ја разгрнал својата организација низ цела Бугарија со месни комитети наречени уште и "друштва". Такво "друштво" бил и Ќустендилскиот комитет. Во него, меѓу другите, работат видни Македонци што тогаш се нашле и живееле во Бугариј: Димитар Попгеоргиев од Берово, Никола Зографски од Велес, Марко Сакулички, од с. Сакулица - Кратовско, Ефрем Каранов од Кратово, познат научник со свои бројни дела објавени на бугарски јазик и други. Во едно писмо од ресенчанецот Андреј Љапчев (претседател на Бугарската влада меѓу двете светски војни), датирано со 1 март 1896 година, се прикажува работата на Ќустендилскиот комитет (друштво) и меѓу другото се вели за Димитар Попгеоргиев: "човекот имотен и разумен, кој го кренал востанието во 1876 година" - (Разловечкото - А.А.). Овој Комитет кореспондира и испраќа оружје и материјали за Виница, Кочани, Штип, Крива Паланка, Кратово и други места. Во писмо од "Варненското македонско друштво" од 10 март 1896 година се зборува за борби кај Крива Паланка меѓу вооружени чети и турски аскер. Од Ќустендил преку Виница се испратени 10-те бомби што кирацијата Доне Стојанов - "Штипјанчето", "прв курир на Гоце Делчев", по негов налог ги однел во Битола за тамошниот Окружен комитет "да им се порадуваат".

Познато е како заврши таканаречената "Донева афера" од 1896 година и "не остави последици врз Организацијата", но сепак на османско - турските власти им даде на знаење дека постои револуционерен заговор во Битола и во Штип.

Позитивни последици "Доневата афера" имаше со храброто држење на кирацијата Дончо, та и покрај пеколните маки на кои беше подложен од турската полиција при неговото иследување во Битола, тој "никој не предаде".

Негативна последица од оваа "афера" имаше непосредно за Штипскиот окружен револуционерен комитет директно за Гоце Делчев, којшто беше конвоиран во Скопскиот затвор "Куршумли ан", та кога бил ослободен од затворот му било заповедано да не се враќа во Штип.

По тој повод Ќустендилскиот комитет, со писмо го известува Врховниот комитет оти лице кое дошло од Кочани известило дека била претресена куќата на Арсо Лазаров во Штип на 24 јуни 1896 година каде што живеел Гоце Делчев, па притоа бил најден "Протоколот", заради што Гоце Делчев и Станко Тодоров биле конвоирани за Куршумли-ан во Скопје.

Во учебната 1896/97 година Дамјан Груев и Гоце Делчев не се веќе учители во Штип. Гоце Делчев и Ѓорче Петров создаваат во Софија Задгарнично претставништво на ТМОРО.

Наместо Гоце Делчев, во согласност со ЦК на ТМОРО, доаѓа за главен учител во Штип, во есента на 1896 година, Петар Поп Арсов. Тој со Мише Развигоров и браќата Арсо и Тодор Лазарови штипјани станале раководители на Окружниот комитет на ТМОРО во Штип.

ВИНИЧКАТА АФЕРА
повод и нејзиното ширење

Четири години се ширела организационата мрежа; курири постојано се движеле со кореспонденција и револуционерна литература; оружје се пренесувало без власта да насетува некаков систематски заговор против државата.

Ненадејно, во ноќта меѓу 14 и 15 ноември (стар стил), односно 27 и 28 истиот месец 1897 година (н.стил), убавото градче Виница, со неговите работливи жители, ги потресе двојното убиство што го сторила вооружена група разбојници составена од луѓе од овој реон,

а дојдена од Бугарија за да ограбува богати Турци, па со пленот да се врати во Бугарија. Овие арамии го убиле богатиот Турчин Ќазим-ага во неговата куќа во Виница и ноќниот патрул Васе и двајцата виничани.

Како е извршено ова грозно дело и кои биле извршителите, во досега објавени извори и литература има најразлични претпоставки. На ова место ќе ги користиме изјавите на анкетираните лица од Виница и Кочани, современици на овој злостор (секако дека од нив се земени податоци за конзулските извештаи), како и написите од Христо Настев во списанието "Илустрација Илинден", како најдостоверни.Еве што велат тие. Според тврдењето на Мише Николов Захариев - "Папарата" (кај Христо Настев прекарот му е "Попарата" што не е точно - А. А.), од Виница, а роден во с. Кршла (кај Х. Настев К´шла - А. А.), во 1897 година, убијците на Ќазим-ага и на Васе биле: Арсо Веселинов, разбојник од Кочани, Стефан од с. Лески - Виничко, Андон Sysypo, од Виница и др. Исти се искажувањата и на Пане Паликрушев од Виница роден во 1865 година, како и на Христов Мите - "Пупуро" исто така Виничанец. Според нив, разбојниците се прекачиле со скали преку ѕидот со кој бил ограден дворот и куќата на Казим-ага.

Што се однесува до бројот на учесниците во групата што го сторила злосторството, исто така има различни, но сигурно неточни написи. Така на пр. во "Илинденската епопеа" I, стр. 80-89, нејзиниот автор Ангел Динев смета дека во групата имало 26 арамии, раководени од Коте Голчев од Берово што сосема не може да биде точно, а еве зошто. Кога се работи за грабеж од поединец нема логика тоа да го стори група со ваква бројка. Но можеби оваа бројка од Динев е наведена за да се фрли вината на Врховниот комитет од Бугарија дека тоја ја испратил оваа "своја вооружена чета" за да ограбува во Македонија, се разбира од побуди што авторот Динев ги знаел. За ваков грабеж и поединечно убиство на два човека доволна е група само од неколку човека за успешно, и за себе безбедно, да ја помине бугарско - тураката граница и без многу шум да го изврши злосторството. Од друга страна, во групата обавезно треба да се луѓе од овој крај што одлично ја познаваат околината и ситуацијата во таа околина, за да можат со сигурност да ја извршат планираната работа и тоа ноќно време и безбедно, како што стана, и да се вратат обратно откај што дошле. Во извештајот на францускиот конзул од Солун групата имала 7 члена.

Како е извршено убиството и ограбувањето да видиме што кажува Христо Настев, којшто токму тогаш бил на гости кај сестра си во Виница, дошол од Скопје, како ученик на последната година во Педагошкото четиригодишно училиште. Христо Настев и во учебната 1894/95 година бил назначен за учител во с. Лески - Виничко, иако сеуште како ученик во средно училиште. Тој таму станал раководител на селската организација на ТМОРО заедно со тамошниот свештеник Крстев. Како таков (учител и револуционер - АА) тој можел "изворно" да ги следи, интерпретира и бележи и објавува своите сознанија, па затоа ќе ги прикажеме неговите сознанија во спомнатото списание.

Виничката афера почна на првиот ден од Божиќните пости - 14 ноември 1897 година, вели Христо Настев, и продолжува. Рано - сабајлето, на тој ден, Виница се разбуди со вознемирувачката вест: "Ноќниот патрул Васе (на некои места се сретнува име Георги за истото лице - А.А.) е отепан крај реката на гумната; Ќазим-ага заклан во дворот на неговата куќа"... Во мугрите, минувачите, брзајќи за да ја започнат својата дневна работа, загрижено се подзапираа и си шушкаа. Некои пак, се упатуваа кон Виничката река и гумната за лично да го видат отепаниот ноќен стражар на Виница-Васе. Некои раскажуваа дека сето турско население се кренало и се струпало околу куќата на Ќазим, којшто, со врзани раце заклан лежел на дворот.

Никој ништо не знаеше повеќе. Жена му на Ќазим, врзана и заклучена во килерот (оставата на куќата) го кажала следново: Во ноќта, на 14-ти ноември, петмина вооружени и во аскерска униформа лица влегле во нивната одаја, ги врзале нејзиниот маж и неа. Двајца од нив зборувале турски, но не биле Турци. Третиот, со железо започнал да ги отвара сандаците, чекмеџињата и долапите и ги прибрале сите пари, нанизи и скапоцености. Ќазим-ага препознал некој од нив и започнал на бугарски да го моли да им ги остават нанизите и украсите, но ништо не помогнало. Откако свршиле со ограбувањето, неа ја врзале и ја затвориле во "оставата" и ја заплашиле да не писне, а мажот ѝ го извеле надвор, но што му сториле, ништо не видела ниту чула.

Во Виница и во околните села дотогаш ниту обикновен грабеж не беше се случил, односно регистриран, а за разбојнички банди никој не помнеше.

Ќазим беше на околу 26 годишна возраст, со добар имот наследен од татка си. Иако млад, од почит сите го викаа Ќазим-ага,

но во него немаше никаков "агалак". Беше човек без злоба и омраза. Во него немаше никаков фанатаизам спрема нетурското население. Заради тоа тој не можеше да има и немаше свои непријатели.Како таков го ценев и јас, вели Х. Настев, бидејќи секоја ваканција од училиштето ја поминував во Виница кај зет ми, и лично го познавав. Тој секогаш другаруваше со Бугари (Македонците тога, во написите на бугарски јазик секогаш, речиси, именувани се како Бугари - А. А.) и со нив зборуваше бугарски, вели Х. Настев.

Васе, ноќниот стражар, имаше околу 28 години, цврст и пргав.Како добар и одан член на Организацијата беше назначен за ноќен чувар и цели 4 години совесно ја исполнуваше таа служба.

Начинот на кој беа убиени двајцата во една ноќ, ги загрижи сите. Сето турско население и полицијата огорчено се крена на ноза. Пристигна и кајмакамот (градоначалник) од Кочани, придружен од жандармерискиот јузбашија (командир на казалиската жандармерија) двајца полицајци, иследник судски и општинскиот лекар, кои под личното раководство од кајмакамот, извршија увид во состојбата и донесоа заклучок:

1. Бандата е формирана во Бугарија, а злосторството е извршено од искусни лица од тукашните места;

2. одземена е сета сума пари што ја пронашле и нанизните и украсите на жената со вкупна вредност од над 600 лири турски;

3. еден од бандитите му е бил познат на Ќазима, и за да не бидат издадени, откако му биле врзани рацете и затната устата, бил убиен со ладно оружје, тивко, заради што не чуле ништо ниту неговите соседи;

4. при влегувањето во Виница бандата е била забележана од ноќниот стражар Васе, којшто се обидел да ги легитимира, па за да не ги открие, успеале да го убијат.

Возбудена од убиството на својот маж Васе, неговата жена помислила дека чета на Организацијата го убила, и побрзала тоа да го соопшти на истражните турски органи.Таа, притоа истакнала дека на денот на злосторството, селскиот кмет Јованче (Иван) Петров, со уште осуммина селани, доаѓал кај нив дома, и притоа го зеле Васета за да одат некаде, а таа не знаела каде го одвеле. На полицијата ѝ открила дека во нивната визба има скриено оружје. Полицијата веднаш ги уапсила споменатите лицас и извршила претрес во куќата на Васе. Таму биле пронајдени 15 пушки, 4 сандаци со патрони, 2 револвера, 2 бомби со каписли и 2 бомби со фитил. Па така, барајќи ги убијците на Ќазим-ага, полицијата открила

организирана мрежа, за што придонел и виничкиот кмет Јованче Петров кој во затворот бил мачен.За него се пронел глас во Виница дека ветил оти ќе премине во ислам, та мачењето му било прекинато.

По овој настан во Виница, Христо Настев, како што самиот пишува, се вратил преку Штип за Скопје. Виничкото раководство на ТМОРО: Спиро Ампов, Ѓорги Јованчев и Ангел, веднаш се состанеле за да ја разгледаат ситуацијата и да ги преземат нужните мерки. Во взаемната дискусија заклучиле дека во оваа акција можеби бил вмешан Александар Чакаров, којшто во 1895 година бил учител во Виница и добро ја познавал положбата во неа, па дури, по кажувањето на Ѓорги Јованчев, Чакаров заговарал за подобна акција со Амди-бег и син му Зулфиќар од Кочани, но, наводно, од тоа ништо не станало. По тој состанок му наложиле на Ангела да го премести оружјето во селата Лески и Драгобрашта и од Виница да ги изнесе сите материјали што можат да компромитираат.

Наскоро, скопскиот валија Хафуз Мехмед - паша го испратил во Виница својот доверлив полицај Дервиш ефенди со неограничени права и инструкции, по секоја цена да ги открие сторителите со сите соучесници и јатаци на бандата. Дервиш Ефенди беше повел со себе цела тајфа ревносни полицаи жандари - арнаути (турски назив за шиптари - А.А.) професионални катили (убијци - А.А.)

Скопскиот окружен комитет на ТМОРО, за да го прекрати страдањето на народот и растројството на Организацијата, реши да го прати Ефрем Чучков за Бугарија, та оттаму, заедно со Гоце Делчев да формираат чета и да ја нападнат Виница за да ја ослободат архивата.Гоце Делчев разговарал во врска со тоа со Борис Сарафов, но од тоа не станало ништо. Во меѓувреме Ѓорги Јованчев, еден од главните раководители на ТМОРО во Виница, успеал да пребега за Бугарија, без да каже дури и на својата жена. Откако власта дознала за ова го уапсила татко му на Ѓоги, Јованче Петров и го подложила на физичко измачување.

Уште со пристигањето преку ноќта, Дервиш Ефенди го распоредува аскерот да ја блокира Виница со околината, а кога се разденило, пристапиле кон детален претрес. Ги раскопале сите сомнителни места во дворовите и визбите за да најдат оружје, но ништо не нашле. Покрај тоа дополнително ги беа испоапсиле понапредните младинци, свештеници и учители. Меѓу уапсените во Кочанскиот затвор,освен Јованчо Петров - таткото на Ѓорги, беа: Спиро Ампов, Митко Стефанов, шурата на Ѓорги, Захари Цеков и син му Тодор Захариев, свештеникот Илија Паунов, Коцан анџијата,

Христо Клинчаров,свештениокт Антим Каранов, Спиро Точев, Иван Стоилов, учителот Јордан Црвенѐлков, Васил Клинчарски, Иван псалтот, Пане М. Паликрушев, Ванчо Хаџиски и др. Отпосле бил дотеран од Кавадарци Григор Анастасов, како главен учител во Виница пред Аферата.*

Во истата ноќ, дел од аскерот ги блокирал и селата околу Виница: Зрновци, Лески, Блатец, Јакимово, К´шлата (сега го викаат Кршла што не е логично - А.А.), Драгобрашта и Илиево. Од таму беа уапсени сите позаможни лица, свештеници и учители. Откако билегрозно измачувани, биле отерани во Кочани. Ипокрај тоа што кај нив не се најдени компромитирачки материјали, тие биле испитувани секоја ноќ.

Единствениот што не паднал во рацете на Дервиш беше Ангел баба Божанин, душата на тајниот канал и најативниот член во раководното тело во Организацијата на Виница.

Тогаш тој се наоѓал во с. Илиѐво за да го премести скриеното оружје. Освен Спиро, никој не го е знаел местото каде се наоѓа Ангел.На тој начин Ангел стана прв нелегален, уште поактивен активист на Организацијата во тој реон. Како таков тој загина херојски во сражувањето во с. Драгобрашта во 1902 година, за што ќе стане збор понатаму, вели Настев.

Сеуште не беа стивнале гласовите во Скопје за ноќните претреси и масовните апсења со невидена тортура во Виница и околните села, пристигнаа гласови за уште поголеми жестокости во Штип и Кочани, како и за селата од онаа страна на Брегалница заради откриено оружје. Меѓу уапсените во Штип на прво место се спомнаа имињата на главниот учител Петар Поп Арсов и Мише Развигоров, а во Кочани првенците: Нако хаџи Богатинов, син му Тодор Наков, Хаџи Јован и Јордан Сапунџијата, ѓаконот - учител Стефан Митанов, Петар Бабатанин, Коце Пендов, Данаил Дограмаџијата, Александар Беличев - учител во Спанчево и др.

Откако ја привршии својата пеколна мисија во Виница, Дервиш-ефенди го премести својот штаб на тепачи и мачители во Штип од каде што започна да ја раководи акцијата за уништување Револуционерната организација и во сите соседни околии.

*Григор Анастасов по Првата светска војна беше се вклучил во политичкиот живот на Кралството СХС и како таков беше избран за народен пратеник за Тиквешкиот округ на листата на Демократската партија во Скупштината во Белград. Во 1931 година, тој Илиев и Шалев преминаа нелегално во Женева и поднесоа Петиција за давање Автономија на Македонија под српска власт, но за народот како бугарско малцинство.

Едно подруго започнаа да пристигаат жални вести за претреси и апсења во Св. Николе, Злетово, Лесново, Кратово, Паланка (Крива - А.А.), Царево Село, Пехчево, Радовиш, Кавадарци. Од ден на ден Аферата попримаше големи размери и во селата. Бројот на уапсените надмина 1000 лица. Сите затвори во казалиските центри беа претрупани со затвореници. Повидните од нив беа одделени во специјални изнајмени камени мазета (затвори - А.А.) со визби во Штип кадешто се вршеа измачувањата.

Во петото продолжение од своите спомени Христо Настев ќе ни ги прикаже ужасите на коишто биле подложени уапсените виничани при нивното конвоирање од Виница за Кочани. Изживувајќи се садистички "содомски", како што пишува авторот, полицијата и аскерот на тој начин изнудувале и поткуп од своите позаможни жртви. Започнувајќи од младиот свештеник од с. Лески Иван Крстев, со кого Настев бил учител во истото село во 1895 година и учителот и црковен певец во Виница Јордан Црвеноелков, иако претепани, кај мостот на Брегалница ги одвоиле од другите и во врбнакот биле подложени на "содомски срвнавења". Во кочанскиот затвор и двајцата биле сурово злоставувани при ноќните испитувања. Откако бил привршен судскиот процес, свештеникот, со својата попадија емигрирал за Бугарија, а учителот Црвенелеков уште истата година починал во својот роден град Штип, каде што пошол за да се лекува од нанесените повреди.

Стариот свештеник Никола Темелков и учителот и црковен певец Тасе Нацев, од с. Зрновци, пред да навлезат во водата на Брегалница, биле врзани за седлата на коњите и ја газеле водата што им допирала до градите. Премалени од студ, патем биле тепани со кундаци и со камшици. Дури на влезот во Кочани ги одврзале од коњите.Сариот свештеник не сакал да го одврзат. "Нека ме видат и во Кочани, па и на вашиот кајмакам да му го направите ќефот дека сте фатиле и му го носите како подарок најопасниот комитски главатар во ваква состојба". Откако започнале да го тепаат за таквата дрскост, старецот наместо а м а н извикал "удрете кучиња, што вам коњ од стап не разбира деца! Ако куршуми во пушките пукајте та да се куртулисам јас од вас и вие од мене". Со тие зборови народниот маченик ги стаписува и уште повеќе ги озлобува луѓето - зверови. Обезличени, изморени, а стариот свештеникк без камилавка (попска капа - А.А.) и со искинато расо и разбушавена коса, биле преведени низ Кочани, а во затворот продолжуваат да ги мачат.

Како невини, со привршување на делото и двајцата биле ослободени. Попот Никола набргу починал и свечено бил погребан во родното му село Зрновци. По Спиро Ампов, тој беше втората жртва од мачењето. Захари Цеков, од Виница беше полудел од маките, но без оглед на това, откако богатиот му татко откажал да даде поткуп, бил осуден на 15 години робија во Скопје, и по седмата година починал.

Петар Муфтиски, од Штип, се нашол на Кочанскиот пазар заради трговија; бил фатен и спроведен за Виница. Патем бил врзан со јаже околу вратот и за седлото на коњот, па удирајќи го со кундаците, го терале да трча. Бидејќи бил со напредната возраст и тежок, паднал и бил влечен од коњот, целиот окрвавен. Во Виничкиот затвор наново бил измачуван. Сецело оддаден на трговија, тој воопшто не се мешал ниту во општествени, ниту во политички работи. Домашните му биле дале 50 лири поткуп и го ослободиле.

Учителот Мише Спиров Развигоров од Штип, беше секретар на Штипскиот окружен комитет. По грозното мачење во Штипскиот затвор, врзан како мечка, беше влечкан по селата штипски, кочански, св. николски и Кочани за да го наговори населението да го предаде скриеното оружје. Единствено тој беше признал пред Дервиш, дека го е организирал и вооружувал населението, преземајќи ја сета одговорност врз себе.

Настев дава најголем простор во списанието на својот зет Спиро Ампов, главен раководител на Револуционерното тело во Виница. Спиро бил затворен во Кочанскиот затвор и врз него биле испробани сите методи на мачење, лично од страна на Дервиш. Откако со ќотек не успеал да дознае каде е Ѓорги Јованчев, каде се ограбените пари од Ќазим, кои се сооучесниците во грабежот и каде има скриено оружје, Дервиш заповедал да го остават без храна и да продолжат да го мачат. Му ставиле спици под ноктите, врели јајца под мишките, бил обесен за нозете над дим од запалена слама до задушување; бил стеган со менгеме на градниот кош и му биле испокршени коските. Откако му се влошила сосема состојбата, бил предаден на домашно лекување до привршување на делото. Наедно со мнозинство на затворените и измачуваните, поради немање докази и тој беше ослободен. Еден месец подоцна, во 1898 година, почина и свечено бил погребан во Виница. Неговата имотна состојба била сосипана, немајќи свој пород, а Виница изгубила свој уважен и ценет сограѓанин, а Организацијата била лишена од својот раково-

дител од нејзиното основање. Неговиот внук од сестрата Лефтерка, Митко Панев Паликрушев, го продолжи неговото дело и предвремено бил принуден да ја напушти Виница, за потоа како последен "комита" да загине меѓу двете светски војни кај Царево Село.

За конвоирањето на уапсените од Виничко и Кочанско за Скопје, на авторот на овој прилог за СТОГОДИШНИНАТА ОД ВИНИЧКАТА АФЕРА му раскажа, во 1954 година во својот дом, Тоде Наков Богатинов, еден од долгата колона на страдалниците. Тоде, со татко му Богатин, Накови се наоѓале во "врзмо" од 63 души. Во колоната биле врзани по четворица еден за друг, а секоја "четворка" била врзана со синџир за наредната четворка што следела во колоната. Во првото "врзмо" биле луѓето од Кочани, на чело со Тоде Наков, Коцо Пендов, Гацо, Дудулецо, потоа биле Аџи Горги, Аџи Мите, Сандо Симеонов - "Пикалецо", Мијал Крстев, фурнаџија и други. Потоа во конвојот се наоѓале виничани. Конвојот бил командуван од јузбашијата Масар - бег. Од Кочани конвоираните биле спроведени преку с. Соколарци до с. Лепопелци кај Злетовска Река. Бидејќи било крај на месец ноември 1897 година, реката била замрзната. Коњаниците Турци се обидувале со коњите да го пробијат ледот, но коњите се плашеле и не сакале да загазат во реката. Тогаш Турците започнале со кундаците да ги удираат затворениците и сосила ги втерале да влезат во реката што ја поминале од другата страна кај с. Лезово. Од Лезово, преку С. Трооло, колоната стигнала во с. Мечкуевци.Селаните од Мечкуевци им дале чорапи за да ги преобујат изводените чорапи; им згреале ракија за да се затоплат; ја подмитиле турската придружба за да им ги одврзат рацете на постарите затвореници, но на младите не им ги симнале синџирите.

Кога конвојот стигнал во с. Малино, селаните од селото, на чело со Ефрем Аџиски и син му Саре, исто како во Мечкуевци, добро ги пречекале. Ефрем им ставил на затворениците на располагање бочва од 200 ока бело вино.

Во есента 1953 година барајќи живи современици на Аферата авторот на книгата стигна до с. Саса -Сасарафското маало кај курирот на овој крајграничен пункт дедо Анто стар над 100 години. Тој береше грав во својата бавча. Кога турските жандари дошле да го уапсат тој, исплаш, си велел: "а сега Анто, каде" ? Излегол од дома и го здогледал пчеларникот во бавчата, легнал и ставил празна "трмка" (кошница) врз себе. Турците и не помислиле таму да го бараат.

Во овие тешки моменти кога требало да се провери моралниот ефект и степенот на свеста што ТМОРО го постигнал за релативно кусо време од своето постоење, народот од овој крај на Македонија покажа дека е сосема зрел за водење перманентна борба против својот потисник, та и во овој критичен момент исцело се стави на страната на својата Организација и на своите сонародници-страдалници, за да им ги ублажи маките, да им го подигне духот и да покаже дека тој - народот е непресушен извор за нови борци и нови подвизи. Очит пример за ова дадоа селаните од селата низ кои беа спроведувани затворениците во Виничката афера.

ПРОТЕСТИ ДО ПОВИСОКИТЕ ВЛАСТИ ОД СТРАНА НА РОДНИНИТЕ И НА БЛИСКИТЕ СОГРАЃАНИ ПРОТИВ ЗЛОСТОРСТВАТА ВРЗ УАПСЕНИТЕ ЛИЦА

При ваква ужасна состојба во овој дел на Македонија, народот бил исплашен за своите имоти; за својата чест, за својата физичка егзистенција. И покрај сите неизвесности како ќе се свати и заврши огорчениот протест во душите на најблиските за маченицитe, тие решиле јавно да го искажат револтот и солидарноста со своите блиски што биле пресирани и репресирани.

Од секаде почнаа да пристигаат во Скопје групи жени и мајки на малтретираните за да се пожалат и да протестираат пред валијата; пред бугарскиот митрополит и пред представителите на великите сили, против жестокостите на власта.Насекаде тие раскажуваа во подробности за потресните картини од мачењата на невини лица со стегање главите со менгеме, спици под ноктите, вжештени железа по слабите делови на човечкото тело, бесење за нозете со главата надолу и сл. Особено биле трогателни и потресни кажувањата на бројна делегација жени од Виница.Таа дошла во Скопје, предводена од баба Пара Стефанова,Анастасија Спирова Ампова,Ката Ефтимова Мицова, Риза Нацова Коцева и други. Тие, по енергичниот протест пред Хафис паша, беа ги посетиле сите конзули на странските држави во Скопје, како и пред бугарскиот-егзархиски владика.

Бидејќи валијата дрско се однел спрема жените, заканувајќи им се дека врзани ќе ги врати за Кочани, ако самите не се вратат, веднаш, истиот ден, жените испратиле телеграма до Високата Порта (Турската влада - А.А.) во Истамбул, со копие од телеграмата до претставниците на другите држави и до Бугарската егзархија во Цариград.

Некаде се спомнува дека и од Штип заминале за Скопје околу 200 жени за и тие да протестираат пред турските власти и странските држави. (ние не најдовме точни податоци за ова укажување, па ја сметаме оваа бројка за преголема со оглед на ситуацијата создадена со Аферата и бројниот аскер што по тој случај бил доведен - А.А.)

Последувале индивидуални и колективни протести и од другите градови на Македонија.

Откако овие протести ја збуниле донекаде власта, а откако дипломатските претставници на Русија, Австро-Унгарија и Англија, било поединечно или колективно, направиле сериозни постапки пред Хафис-паша, по заповед на "Високата Порта" од Цариград, била дадена инструкција на Дервиш во Штип да ја приврши што поскоро работата и да остане таму до втора заповед.

Низ конзулските извештаи, упатени до своите влади по повод Аферата, читателот ќе може да ја види нивната содржина што е поместена како "Прилог" на крајот на книгата.

КРАТОВСКО - ЗЛЕТОВСКИОТ РЕОН ВО ВИНИЧКАТА АФЕРА

Соседна на Штипската околија беше Кратовската. Оваа околија тогаш имаше 72 села расположени на северозападната страна од Осоговската Планина и по сливот на Злетовската Река. Злетово е најголемо меѓу селата, а најблизу до него е второ по големина селото Лесново, со познатиот Лесновски манастир.

Кратовскиот револуционерен реон, со својот источен дел допираше до тогашната турско-бугарска граница и беше близу до Кустендил (во Бугарија - А.А.) каде што беше создаден крајграничниот пункт, од каде по тајниот канал, се пренесуваше оружје, муниција, пошта и други материјали преку с. Саса, за Крива Паланка, за Кратово и за околните села.

Во Кратово, со својата бројна чаршија, со броен учителски кадар, се беше создал (можеби независно од ТМОРО) "Револуционерен кружок уште во почетокот на 1894 година.Негови основачи биле Јосиф Даскалов и Пант. Кусев, учители во градот.

Создавањето на револуционерно раководно тело за Кратовскиот реон, според сите извори, сврзано е со активноста на Гоце Делчев дури тој бил учител во Штип. Според пишувањето на Стефан Аврамов (Героични времена, том.II, Софија 1942, стр. 39.), Гоце Делчев го посетил Лесново во есента 1894 година и организирал Реонски комитет на чело со учителот од Кратово Јосиф Даскалов. Според кажувањето на шурата на Јосиф Даскалов, трговецот од Кратово Костадин Манев, роден во 1868 година , што на авторот на овој труд му ги даде во 1953 година, тој - Костадин, во 1895 година, на враќање од Солун, поминал низ Штип и таму се сретнал со Гоце Делчев, Дамјан Груев и Мише Развигоров. Тие му порачале да го испрати Јосифа Даскалов кај нив. Даскалов ја прифатил поканата и кога се вратил од Штип создал раководно револуционерно тело за Кратовски. Во тоа раководно тело влегле: Костадин Манев, Ѓорги Анастасов, Глигор Манасиев, учител, сите од Кратово и други, вкупно 12 лица.

Пак, според цитираниот веќе Аврамов, Гоце Делчев втор пат дошол во Лесново во 1895 година и го опфатил во Организацијата игуменот на Лесновскиот манастир Козма.

Илинденецот од Кратово, Васил Лесев, во своето искажување на авторот, си спомнува дека Гоце Делчев лично дошол во Лесново кај игуменот Козма и го повикал учителот од Кратово Јосиф Даскалов, кој му бил препорачан од други луѓе; го примил во Организацијата на ТМОРО и го назначил за раководител на Кратовскиот реонски комитет. Тогаш од Гоце биле заколнати и примени во оваа Организација и селаните од Лесново: Јосиф Шондрата, Јосиф Маневче, Цветан Тасев, Зафир Аџиски и Мите Аџиски. Потоа во Организацијата биле опфатени браќата Атанас и Аралампи Генови од с. Јамишта, Зао од Којково, Тодос Аџијата од с. Ерменица, Арсо Кортопел, од с. Шлегово, Кузман Зафиров од Злетово, браќата Игнат и Нане Циклеви од с. Горни Стубол, Дембелска Сара - "Мушка Сара", од истото село и Стојан Дамјановски од истото село.

Гоце Делчев посетувал и други села од овој Реон.

Според искажувањата на современиците на Гоцета и членови на ТМОРО од овој крај, како на пример Тасе Тодосов, од с. Ратавици,

роден во 1868 година, тој го довел Гоцета во Лесновскиот манстир кај игуменот Козма. На тргнувањето за Лесново од Ратавици, наводно, Тасе бил принуден да го сокрие Гоцета во својот двор во некоја дупка, а врз отворот на дупката ставил дрва и ги покрил со слама, а врз сламата ставил кучка со кученца, па Турците што вршеле претрес биле "исафлии" и кај кучката не дошле.

Според истиот современик, Гоце Делчев доаѓал во Злетово на "Десетските гумна", преправен во дервиш; ги собрал Злетовци и ги примил во Организацијата.

Според некои други испитаници, Гоцета прв пат го довел во Злетово Јован Ангелов, од с. Шталковица, во кого, "како припадник на српската партија никој не се сомневал, па ниту Турците", и тогаш Гоце ги свикал злетовци на "Латифово гумно" (едно од Десетските гумна - А.А.) и ги примил во Организацијата. Еднаш, Гоце Делчев и Дамјан Груев, со двајца вооружени придружници, заминале од с. Калништа, преку селото Ратавици за кочанското влашко село Врбица, а оттаму за селото Кучичино. Коцка Димитрова, "бабицата" од Злетово, родена во 1885 година, тврди дека Гоце Делчев доаѓал во Злетово и останал 2 дена кај богатиот трговец Анастас Абазов.

Од разбирливи тогашни причини не може точно да се утврди датумот на создавањето револуционерна организација во Кратовско - Злетовсиот крај, но од сите наведени до тука искажувања може да се заклучи следново:

1. Дека навистина Гоце Делчев ја основал Реонската револуционерна организација во Кратовско;

2. тоа може да биде во првите години од веќе создадената Организацијата во Солун, т.е. дури Гоце бил учител во Штип (од есента 1894 до летото 1896 година), а никако подоцна;

3. дека за прв раководител на ова организационо тело бил избран Јосиф Даскалов, учител од Кратово, а како највидни членови на раководното тело на Организацијата на Кратовско - злетовскиот крај биле Глигор Манасиев, учител од Кратово и јеромонахот Козма, игумен на Лесновсккиот манастир. За овие личности и околу нив се сврзани најкрупните активности на Организацијата во овој крај во Предилинденскиот период.

Меѓу првите луѓе, што од Злетово влегле во ТМОРО бил веќе споменатиот Кузман Зафиров, родум од с. Врбица, а дошол за момок кај фамилијата Аџиски од Злетово, потоа Димитар Воденичаров, родум од Велес, учител во Злетово и куририте на Организацијата,

Зафир Пикалски и Тасе Милосов, кои ја опслужувале Организацијата на релацијата Ќустендил и Паланечко - кратовското подрачје. Со нив Гоце Делчев контактирал лично и со писма.

Коле и Марко Сакулички, од с. Сакулица, Кратовско, бивши арамии, станале ревносни членови на Организацијата од овој крај уште со нејзиното создавање. Марко соработува со Гоце Делчев се до неговата погибија во 1903 година.Него веќе го спомнавме во состав на Ќустендилскиот револуционерен комитет, а од 1901 година, тој го заместува Никола Зографов како раководител на крајграничниот пункт преку кој се испраќало оружје, пошта и други материјали за Македонија. Марко не само што одлично го познавал кратовскиот терен, туку ги знаел луѓето и најбезбедните премини преку кои се одвивала комуникацијата. Неговата конспиративност и организациска способност му овозможиле да остане на тоа раководно место во Ќустендил до 1906 година. Тој по Првата светска војна, емигрирал во Бугарија и се настанил со своето семејство во с. Жилинци, Ќустендилско, каде што целото семејство му било уништено од бугарската полиција, заради нивниот "буен карактер", како што вели Гоце во своите писма. Негов единствен потомок е неговата ќерка, која како артистка живее во Ќустендил.

Од с. Горни Стубол биле членови на Организацијата: Арсо Циклев (неговите синови Митруш и Глигор Циклеви, ќе видиме во војните 1912/13 - 1914/1918, а особено Глигора Циклев меѓу двете светски војни во различни дејности) и Сара Ристова - "Дембелска", незаменлив курир на Организацијата за врска меѓу селата и со Кратово, како средиште на Реонот. Заради нејзината храброст при исполнувањето на курирската должност таа го добила прекарот "Мушка Сара". Како таква му ја претставија селаните од Стубол кога авторот на книгава го посети с. Горни Стубол во 1954 година.

Други, помалку познати, но не и помалку активни селски раководители и борци на ТМОРО од овој крај биле: Мице од селиштето Глобица, Гуно (Југрин) од с. Луково, Мите Попов од с. Лесново, Тасе Спасов од с. Ратавци, Димо Ѓоргиов, Влав од истото село, Гиче Стојков од с. Калниште, Томе од с. Плешинци, Ананија од с. Петришино, Јосе, Миле и Милан Поповски од с. Бунеш и др. Повеќето од овие лица биле селски војводи или пунктови раководители на по две три села.

Во кореспонденцијата на Гоце Делчев, за Кратово се употребувал псевдонимот "Бујановци".

Како што веќе рековме, Лесново и Злетово станале мошне важни пунктови во Злетовскиот крај, задолжени пред сé за пренесување и складирање оружје и за вршење курирска служба на Организацијата. Оружјето требало да се раздаде на луѓето кога ќе се започне борбата против петвековниот поробител, турската власт, за национална слобода и за автономна Македонија, како што стои во Уставот на ТМОРО.

Откако била устроена Револуционерната организација во Кратовско - злетовскиот крај започнале да се пренесуваат пушки од Бугарија преку Ќустендил и да се складираат во лесновските "рупи" (назив за подземни простории создадени со изработување воденични камења, со која дејност се занимавало од памтивек населението на с. Лесново - А.А.) и во скришни места во другите околни села. Тајниот канал по кој се пренесувало оружјето и преведувале луѓе поминувал низ селата Горни и Долни Стубол, Кундино, Марчино, Добрево,Лесново, Луково, Куново, Јамиште и натаму за границата кон Бугарија.

И во Кратово Македонците и Турците имале коректно сожителство. Додека во Виница жителите главно се занимавале со земјоделство, во Кратово главно занимање на граѓаните било занаетчиството. Чевларскиот , мутавчискиот, ковачкиот, шивачкиот, налбатскиот, самарџискиот, касапскиот и другите занаети биле мошне развиени. Занаетчиите не само што го опслужувале градот туку и бројните села од Кратовската каза. Сабота е пазарен ден во Кратово и на него доаѓаат селаните од сите планински села за да ги понудат своите сточарски производи, дрвата и "дрволиче" (за потребите на занаетчиите - самарџии, дограмаџии, за "ќересте" на куќите и сл.) дрвен јаглен за ковачите и за "мангалите" зимно време за затоплување. Турците од градот, освен со занаети и трговија имале приходи од своите чифлици во рамничарските селски атари; имале приходи од своите чифлици во рамничарските селски атари, имале воденици, а и трговијата им носела пристојни приходи. Токму во годините за кои зборуваме, живеел во Кратово крупниот чифликсајбија Усни-бег, којшто бил и закупник на производството на воденични камења што ги произведувале селаните - "каменари" од селата Лесново и Древено. Овие камења на број околу 2.000 годишно биле транспортирани со двоколки теглени со волови за Бугарија за сметка на закупникот Јусни - бег.

Втор пазар во петочен ден имало и во Злетово, каде што гравитирале околу 30 села, источно од плавичката и црновршка планинска верига и од сливот на Злетовска Река. Бројните занаети, а особено коларскиот (имало 10 коларски работилници) ги привлекувале селаните дури од Овчеполието. Триесетте воденици на Злетовска Река мелеле жито за поширокиот регион и надвор од Казата, особено во сушниот летен период. Шарлаганицата и"динката", исто така со воден погон преработувале афионско семе во "шарлаган" и сусам во "таан", а во динката се "биел" оризот што се произведувал во долината на Злетовска Река. Освен рисјани - Македонци и Власи во околијата, во Злетово имало и 40 турски семејства. Најбогатиот Турчин Јумер-ага ги имал најплодните површини земја на која, со аргати, произведувал големо количество тутун. Блиското до Злетово село Турско Рудари било населено исклучиво со Турци кои ја обработувале земјата и произведувале особено квалитетен тутун во "Рударските авлии", и одгледувале броен едар и ситен добиток на пространите пасишта.

Просветата била мошне развиена, за она време, во Кратовско - злетовскиот регион. Освен во Кратово и Злетово, каде што имало егзархиски и патријаршиски училишта, постоеле и турски "мектеби" со броен училишен кадар во градот и во селата.

И во Кратовскиот реон, како и низ цела Македонија, ТМОРО се шириле, но турските власти сеуште ништо не насетуваа.

Првите раскривања во Виница, од страна на жената на отепаниот ноќен стражар, трагите на тајната мрежа на Организацијата го водеа Дервиш ефенди кон другите револуционерни реони, па и кон Кратовскиот. За настаните во Виница благовремено бил известен во Кратово учителот Јосиф Даскалов. Кратовската полиција започнала да се служи со испробаните методи на Дервиш ефенди за да ги открие луѓето и оружјето на Организацијата. При испитувањата на затворените лица турската полиција се служела со грозни методи и средства за мачење. На некои луѓе им ги фаќале јазиците со вжештени маши, на некои им ставале спици под ноктите; други биле присилувани по 24 часа да стојат на една нога. Не можејќи да ги издржат несносните маки некои селани започнале да ги покажуваат местата каде што било складирано оружјето. Кратовецот Васил Лесев, при анкетирањето, вели дека во Виничката афера Јосиф Шондрата од с. Лесново и Арсо Кортопел од Шлегово им откриле на турските

власти 13 товари пушки складирани во лесновските "рупи". Кузман Зафиров, од Злетово, исто така бил мачен со вжештено железо, па и тој кажал каде има склад со оружје во Лесновско, бидејќи како момок кај фамилијата Аџиски од Злетово, тој ги носел таму примените за Организацијата пушки. Бил затворен и мачен и учителот од Злетово Воденичаров, родум од Велес. Во с. Добрево биле најдени 3 пушки. Таму турската полиција го затворила учителот Јордан Крстев од Злетово, Васила и уште еден човек. Сите тројца биле врзани и под стража биле отерани за Кратово, а потоа за Кумановo со намера да продолжат за Скопје. Од мачењето и од долгиот пат (оделе исклучиво пешки - А.А.) затворениците не можеле веќе да се движат, та биле вратени за во Кумановскиот затвор. Тие не сакале ништо да признаат, а за пронајдените пушки во селото велеле дека ништо не знаат, туку турската полиција им ги подметнала.

Сите дејци во борбата за национално и социјално ослободување од полуфеудална Турција, знајни и незнајни, а посебно оние што се опфатени со Виничката афера, заслужуваат повеќе простор во напишаниот збор по било кој повод. Во книгава ќе се задржиме нешто повеќе за раководителот на Кратовскиот реон Јосиф Даскалов. Читателот ќе ја види оправданоста заради која го правиме тоа.

Јосиф Даскалов е внук на познатиот борец против фанариотите, дедо Јосиф, а син на даскал Димитри, кој постојано се застапувал пред турските власти за своите сограѓани; се судирал со власта, па и со егзархискиот митрополит во Скопје. Заради тоа бил осудуван од Турците на затвор и на 70-дневен (домашен) црковен затвор од Егзархијата.

Јосиф Даскалов завршил четврти клас и бил учител во Скопје и во Кратово. Како што веќе спомнавме, тој се сретнувал повеќе пати со Гоце Делчев, и заедно со игуменот Козма, од Лесновскиот манастир и Михаил Миладинов, од Кратово, а потоа и Стоил Антов и Глигор Манасиев, учители, ја раководеле тајната македонско одрински организација за Кратовскиот револуционерен реон Виничката афера.

Одличен говорник, со железна волја и цврст карактер, скромен и достапен, Јосиф Даскалов ги спечалил симпатиите на селаните и чифлигарите од Кратовско. Тој ги учел дека само со оружје во рака македонскиот народ ќе може да си ја извојува слободата. Секој

пазарен ден се сретнувал со побудните селани, примал нови членови во Организацијата, така што за 2 години успеал да ги опфати сите христијански села во Кратовско.

Како реонски раководител, одржувал врски и со другите револуционерни реони, а за инструкции често се сретнувал со Гоце Делчев. Неколку пати одел и во Солун за да се сретне со членовите на Централниот комитет, особено кога се однесувало за некое поважно прашање од неговиот реон. Кога се случило двојното убиство во Виница и започнало раскривање на луѓе и оружје на Организацијата, Јосиф Даскалов бил известен од Скопскиот окружен комитет, па му било советувано да се засолни привремено во Бугарија. Одбивајќи ја оваа можност тој ќе рече: "Јас верувам во себе и во моите луѓе и ќе издржам сé. Ако почнат да ги мачат луѓето што сум ги примил во Организацијата, јас треба да сум меѓу нив, да ги поднесувам патилата и да ги окуражувам".

Во првата половина на декември 1897 година, кратовскиот кајмакам Нецип-бег Драга и жандармерискиот офицер Хусеин-ефенди, го подложиле на маки злетовскиот курир на Организацијата - Кузман Зафиров. Овој не можел да ги издржи маките и признал дека во Лесново има склад пушки. На вториот ден во Кратово биле донесени 11 товари пушки заедно со врзаниот игумен Козма и многу селани. Уште истиот ден турската власт испратила полицајци да го уапсат Јосифа. Спрема него употребиле најжестоки мачења, но младиот Јосиф не изустил ни збор. Се пронела веста низ Кратово дека учителот Јосиф онемел од раните што му биле нанесени со усвитлена маша наустата.

Постојано доведувале нови луѓе во затворот и ги мачеле при нивното испитување. За тоа време Јосифа го затвориле во долап за да чуе што ќе признаат луѓето. Кога бил повикан на сослушување и попот Ефрем од селото Барбарево, кој бил примен од Јосифа во Организацијата, свештеникот не можејќи да ги издржи маките, започнал да издава. Тогаш Јосиф наеднаш излегол од долапот и го плукнал Ефреме, без да каже нешто. Кога една група приведени селани, била натерана со боси нозе да гази по жар, Јосиф извикал на мачителите да запрат, дека тој ќе признае сé. "Одведете ме во училишната бавча, таму се закопани архивите и списокот на организираните луѓе". Била ноќ, на 26 декември 1897 година. Спроведуван од началникот на полицијата и двајца стражари, поминале покрај татковата му куќа. Ноќната лампа сеуште горела.

Никој од домашните не спиел... Решен да се самоубие, Јосиф Даскалов, тивко ја запеал песната: "Прости, прости народе несреќен; за секогаш прости..."

Тивок дожд врнел во ноќната штама. Целиот град бил во длабок сон. Решен да се самоубие, за да не ја открие Организацијата, Јосиф ги одвел полицајците под училишниот двор на ивицата на кратовскиот дол, сосема близу до "Радин Мост". Се слушала бучава на водата во длабочината преку 20 метри. Тој се доближил сосема до началникот на полицијата и во еден миг го зграпчил за шинелот, за заедно со него да скокне во пропаста. Во тоа тегленье, началникот, со помош на еден од полицајците, се спасил, а Јосиф паднал во длабочината на долот. По заобиколена патека, полицијата слезнала во долот и го нашла Јосифа со искршена рака и некое ребро и контузија на главата со крвави траги. Бил во безсознание, но дишел. Сакале на лице место жив да го закопаат, но некој од групата,што му бил наклонет, ги одвратил од таа намера. Неговото куче "Пенчо" било крај својот господар, кога полицијата слгла во долот.

Кога бил излекуван во Скопје, заедно со другите, бил осуден на 101 година затвор и испратен на заточение во Мала Азија, во градот АКАА во крепоста Подрум-Кале.

Во затворската самотија, направил табакера изгравирана. На извезената обиколка, на шише со монистра, пишува: "Помни 26 декември 1897 година".

(Исказите и предметите ги имав на увид во Скопје, од неговиот син Павле Даскалов, професор по географија на Вишата педагошка школа во Скопје, во 1959 година -А.А.)

По општата амнестија од султанот Абдул Хамид II (од 19. VIII. 1902 г.) Јосиф Даскалов и егуменот Козма се вратиле во Кратово на 5 септември истата година пречекани свечено од граѓаните на Кратово. Козма заминал за Лесново, а Јосиф останал во Кратово. Побарал служба, но не му било дозволено од турските власти да биде учител. Се обидел да се бави со трговија, но не му успеало. Дури во 1908 година, по прогласениот "Уриет", му било дозволено да стане учител во Злетово. Бил отруен од чаша вино соотров, на училишниот ден 24 мај 1909 година, од претставници, ренегати на ТМОРО, кои му ја ставиле отровата во виното. Отровот го ставил Стојчо Грушчев, "врховист" од Кратово. Со пајтон, Јосиф бил однесен во Скопје, но по два дена умрел. Погребан е во скопските гробишта. Главната улица во Кратово и една во Ѓорче го носат неговото име.

ЛЕСНОВСКИОТ МАНАСТИР ОПФАТЕН ОД АФЕРАТА

Во создавањето на Организацијата во Кратовско и во нејзиното јакнење и омасовување, особена заслуга имал Лесновскиот манастир. Овој манастир, со своите калуѓери и со селаните од селото Лесново, станал важен пункт во Кратовско. Калуѓерите од манастирот ги прифаќале секогаш формите на борбата против турската тиранија, им се прилагодувале на овие форми, и самите земале активно учество во тие борби, несебично давајќи жртви за слободата на македонскиот народ.

Почетните години од национално револуционерниот период во Злетовскиот крај, се сврзани со дејноста на манастирот, а особено на неговиот игумен Козма.

"Во последно време игумени беа лица со големо патриотско и револуционерно чувство вели Ѓорги Трајчев. Таков беше игуменот Козма, родум од сересКото село Крчево. Дури тој беше игумен (1895 - 1897 и 1902 - 1906 - А.А) вратите на Лесновскиот манастир беа широко отворени на народните будители и револуционери. И дедо Козма е првиот бунтовник. Клучот од влезната порта на манастирот е оставен на уговорено место за револуционерите. Така манастирот станува место на заговор против тиранската турска власт. Калуѓерите се само во мнастирот со расо, а надвор од него се со пушка и бомби...

Лесновскиот манастир во историјата на револуционерното дело заземаше прво место"

На новосоздадената ТМОРО, при удирањето на своите темели ширум Македонија ѝ беа потребни национално свесни поединци и решителни личности, кои се спремни сосема да му се посветат на револуционерното дело. Тоа го бараа и луѓето од теренот. Така селаните од Лесново, со молба од 24 декември 1894 година се оплакуваат од игуменот на манастирот, кој не се сложувал со учителот. Откако нивната жалба и молба, за нов игумен, била испратена со скопската митрополија, таа, на 30 август 1895 година, го препорачува "јеромонах Козма, од Света Гора, маж благочестив, кроток, смирен и сецело предаден на црквата и манастирите, кој ја прифати нашата покана и пристигна."

Козма пристигнал на 14 октомври 1895 година во Штип со неколкумина калуѓери.

Од Штип Козма пристигнал во Лесново со 18 души калуѓери и овчари за манастирските стада.Меѓу нив бил и брат му Козма Дамјан. Според еден современик, Козма бил многу претставителен и буен.

Откога пристигнал и ја презел управата на манастирот во свои раце како негов игумен, како добар организатор, Козма ги поправа манастирските гостински згради уште во пролетта 1896 година.

Во 1896 година, секако во пролетта,Гоце Делчев дошол во Лесновскиот манастир, се состанал со Козма и овој револуционерен пункт отпочнал засилено да работи. По тајниот канал, од Ќустендил, започнале да пристигаат товари пушки и да се складираат во околината на манастирот.

Незадоволни од пасивноста на бугарскиот митропол Синесија, селаните од Лесново собирале потписи со кои барале да се смени овој митрополит, а на негово место да се назначи друг, за организационата работа уште повеќе да се засили.

Манастирската слава е на Мала Богородица - 21 септември. Секоја година на овој ден се собираат илјади луѓе од поблиските и подалечните места. Ова било погодна прилика игуменот Козма да се запознае со поширок круг луѓе и да ги воведе во Организацијата. Во 1896,1897 година, тој со писмо ги кани и првенците од Кратово на гости на 21. IX. на "Славата манастирска за духовна радост и народна веселба".

Поврзан со Кратовскиот реонски комитет и со блиското Злетово, овој револуционерен пункт започнал интензивна организациона работа.

1897 година стана пресвртна за ТМОРО во целина, а посебно за организационата мрежа во Источна Македонија. Најнапред во август оваа година, се случи таканаречената Дединска афера. Размерите на оваа провала не беа толку широки, а бројот на постраданите луѓе во оваа афера, беше мал. Но, во средината на ноември истата година, една разбојничка банда, составена од неколку души Македонци, кои дошле од Бугарија, го убила богатиот Турчин од Виница, Ќазим ага. Ова убиство беше повод да се откријат складирани пушки на Организацијата во Виница и да се откријат луѓе на Организацијата. Таканаречената Виничка афера ги зафати следниве околии: Кочанска, Штипска, Пехчевска, Тиквешка, Кратовска, Кривопаланечка, Кумановска и допре дури до Скопската околија. Под страшниот терор на Дервиш ефенди од Скопје и неговата

полиција, некои луѓе од организацијата започнаа да откриват складови на оружје, архиви и луѓе што беа во организацијата.

"Заради провалата во Кочанско, специјален курир пристигна за да ги предупреди луѓето од Комитетот од Кратово, на прво место Јосиф Даскалов. Тој, меѓутоа, иако предупреден, со голема ладнокрвност остана во градот и го чекаше тоа што судбината му го определила..."

Игуменот на Лесновскиот манастир Козма исто така останал на својот пост. Уапсен заедно со другите калуѓери и 8 души селани од Лесново и дотеран во Кратово и покрај страшните маки, Козма ништо не им признал на Турците.

Уапсен бил и главниот курир од Злетово Кузман и подложен на жестоки маки. Бил горен со вжештено железо.

Селанецот од Лесново "Шондрата", не можејќи да ги истрпи маките, ги открил луѓето на организацијата од манастирот и од селото и складовите на пушките. Турците од Лесново запленили 180 пушки.

Јосиф Даскалов и Козма биле осудени на по 101 година и испратени на заточение во Подрум Кале - Мала Азија.

"Јосиф Даскалов и игуменот Козма, со својата цврста волја и челичен дух, внесоа нови струи и ведра крв меѓу организационите дејци и им дадоа достоен пример за следење..." вели кратовецот Павле Шатев.

Апсењето на главните раководители на Организацијата - Јосиф Даскалов, Глигор Манасиев и игуменот на Лесновскиот манстир - Козма ја обезглави организацијата и ги исплаши луѓето кои беа свидетели или објекти на жестокоста на турската полиција.

Во наредната 1898 година, иако Виничката афера беше помината, на собирот во Лесновскиот манстир на 21 септември, сите собрани луѓе за неа зборуваа. "Се раскажуваше каде било најдено оружје, раскажуваа разни епизоди од возбудите, патилата, затворите, претепувањето на селаните и граѓаните од Виница, Кочани, Штип, Кратово, Паланка и други места. Главните виновници, посочени од предавници и шпиони, беа веќе во затворите и испратени на заточение во Подрум... Од раскажувањето, од сопственото присуство на многумина јасно произлегуваше дека вистинските маченици... биле пак некои граѓани и повеќето селани кои со својот ум; со својот такт, со својата упорност, цврстина, карактерност, се посочува како пример за следење и поука на нас

младите. Имињата на тие херои мученици малцина ги знаеја: Доне и Стамен од с. Шлегово, Тр. Карбински од. Карбинци, Илија од. Лесново итн." Вели Павле Шатев.

Потиснати од општата судбина, потресени од последните настани во врска со Виница, дојдеени во Лесновскиот манастир, "селани и граѓани, богати и сиромашни, стари и млади - сите се изедначуваат, се чувствуваат како свои родени браќа, осеќаат и преживуваат општо како чеда на еден потиснат народ..."

Во кризните и критичните години што настапија по Виничката афера, последиците за манастирот беа многустрани. Апсењето на игуменот манастирски - Козма; откривањето на револуционерната организација во манастирот и во селото Лесново, им даде повод Турците во овие години да преземат строги мерки против калуѓерите и момците манастирски, кои заедно со игуменот Козма, беа дошле во манастирот уште 1895 година.

"Со затворањето на неговото Всепреподобие отец Козма, игуменот на Лесновскиот манастир, се нанесе голема загуба на манастирските приходи...", констатира во своето писмо скопскиот митрополит Синесие, упатено до кратовскиот архиерејски намесник. "Лесновскиот случај" стана повод турските власти да се однесуваат со сомневање и подозрение и спрема другите манастири и цркви, како и спрема духовните и просветни лица учителите од Скопската епархија".

"Портата се уверила, вели скопскиот митрополит, дека ние лично и многу од нашите подрачни духовни лица и учители сме замешани во работите на некакви комитети и затоа го побара нашето преместување од Скопје и отпуштање од служба на некои духовни лица и учители."

По Виничката афера турските власти не им дозволувале на калуѓерите од Лесновскиот манастир да одат по просија од која манастирот имал извесни приходи. На сите писмени молби што манастирот ги упатувал преку Кратовското архиерејско намеснишство до Митрополијата во Скопје, да им се издаде "пандахуза" за просење милостивно, биле одбивани од Митрополијата со следнава мотивација: "митрополијата не може да издава дозволи за просење надвор од границите воопшто не може да издава такви дозволи, бидејќи тоа е забрането со специјално окружно...."

Тешките сомневања над манастирското братство за револуционерна дејност, ги натерале турските власти да му ја

ограничат на манастирот и неговата секојдневна активнос, од која имал приходи. Манастирот е особено погоден затоа што верниците не смеат да го посетуваат по Виничката афера, од страв да не станат сомнителни на власта. Затоа Кратовското црковно настојателство е принудено да бара "да се назначи некој кроток и покарактерен Турчин во манастирот за пандур... за да се отстранат тешките сомневања од манастирот и од монасите."

Манастирските овчари, што Козма ги довел со себе, исто така биле опфатени од револуционерна работа. И на нив турските власти се сомневале. Во јули 1898 година, овчарите на Лесновскиот манастир Никола Димитров и Иван Атанасов, од с. Зрново, Нерокопско, биле стражарно спроведени божем да ги интернираат во родното место. Но, наместо да ги протераат во Зрново, властите ги задржале во Гевгелија, каде, со помошта на "некој Бугарин" од градот Гевгелија, им извадиле "тескерињa", и кајмакамот пак ги вратил во Лесново. "Денеска, на 13 јули 1898 година, монахот Дионис му ги претстави на кајмакамот (Кратовски - А.А.) и тој им ги зел "тескерите" (уверенија - А.А.) и им заповедал да се вратат во манастирот и да си ја гледаат работата. Но момчињата се плашат да не ги убијат. Затоа, Ве молам да ми јавите како да постапам со нив: дали да ги вратам назад или да останат тука", му пишува на митрополитот, архиерејскиот намесник од Кратово.

Кратовскиот кајмакам и натаму се сомнева во овчарите на Лесновскиот манастир во револуционерната дејност. За да не му напакости кајмакамот на манастирот, митрополитот од Скопје, му одговара на архиерејскиот намесник "подобро тие да си одат, а на нивно место да се земат други овчари за манастирот."

Но во април 1900 година манастирскиот овчар Никола Димитров е во скопскиот затвор, "веќе 4 месеци, и ако митрополитот не се застапи да биде ослободен, жена му Доста Константинова, од с. Луково, бара да се разведе од него". Во с. Лесново односите меѓу селаните и манстирското братство биле дотаму изострени што престојувањето на монасите за натаму станало неможно, та дури се бара од Козма (во затворот - А.А.) согласност да си одат кому каде очите му гледаат." Натаму, Козма го моли митрополитот да го спречи злото од кое тој најмногу би настрадал, односно "би загубил (бидејќи за страдање добро си страдам)".

Наместо Козма, за игумен на Лесновскиот манастир, бил назначен еден од калуѓерите по име Александар. Но изгледа дека

заради неслогата што настанала меѓу самите калуѓери од една страна, како и меѓу калуѓерите и селаните од Лесново, од друга, Александар бил преместен за Карпинскиот манастир, а на негово место за игумен бил назначен Дамјан, братот на Козма.

И Дамјан бил затворан од турските власти "Затоа што во манастирот претстојувале две непознати лица." Но ни Дамјан долго не се задржал на оваа должност. По некоја година игумен на манастирот станал Дионис, кој бил затворен во Штип, и секако потоа пуштен.

Во меѓувреме, по случај стапувањето на престолот на турскиот султан Абдул Хамид II, било издадено Ираде од 19 август 1902 година со кое биле помилувани 20 заточеници од Подрум Кале, меѓу кои и Козма, јерновах од с. Крчово (Демирхисарско), бивш игумен на Лесновскиот манастир и Јосиф Даскалов, учител од Кратово. Јосиф Даскалов пристигнал од заточение во Кратово на 5 септември 1902 година, "пречекан од целиот град", а игуменот на Лесновскиот манастир, Козма пристигнал во манастирот на 6 септември1902 година.

Манастирот и неговите луѓе се постојано под присмотра на властите . На калуѓерите со години им е забрането да ги обиколуваат селата за собирање "милостивно". Калуѓерот Дионис, кој не се придружувал на оваа заповед, Турците стражарно го спровеле од Кочанско каде го фатило во обиколка на селата.

Дури по доаѓањето на Козма, кратовскиот кајмакан им дозволил на калуѓерите од Лесновскиот манастир да можат да одат по просење, но при секое одење да јават во кое село одат и колку ќе се задржат.

Но, откога во Кратово било обновено револуционерното раководство и Лесновскиот манастир ја обновил својата револуционерна дејност.

Без оглед на последиците што лично би ги осетиле сите игумени од Лесновскиот манастир, во годините по Виничката афера, тие се активни револуционери. Опфатени од револуционерна страст тие "помалку му припаѓаат на Бога", а сецело се предале во служба на Организацијата. Тесно се сврзани со борбата на селаните од овој крај, па ги прифаќаат и новите форми на борбата што селаните од Лесново и Древено ја водат во 1902 година против Хусни-бег, закупник на произведените од нив воденични камења. И кога бегот доведува "штрајкбрехери" од Косовска Митровица, за да ги

транспортираат камењата за сметка на бегот "поповите од Лесново ги организираа жените и децата од селото на ден Задушница 1902 година; ги отпрегнаа колите вечерта и ги фрлија во долот".

Игумените и калуѓерите пак започнале да ги обиколуваат селата да собираат пари за Организацијата. За ваква дејност, во 1902 година, биле фатени од турските власти игуменот Дионис и манастирскиот момок Коце, врзани и дотерани во Штип.

Како што се засилувала дејноста на обновената организација, така се засилувал и притисокот на турската власт врз манастирот и неговите жители. Во 1903 година вилаетските власти, со специјално окружно, пак забраниле секакво одење по просија на монасите од манастирите. Освен тоа, власта ги терала десетте калуѓери од Лесновскиот манастир, со ангарија да го прават патот Страцин - Кратово. По враќањето од заточение, Козма веднаш се вклучил во подновената револуционерна организација.Веќе во декември 1902 година, кога Козма му се замерил на Дамјана, еден од манастирските калуѓери, овој се налутил и сакал да оди за Кратово да каже "дека Козма со учителот (лесновски - А.А.) вршеле некои противни работи". Но и Дамјан бил во обновената организација. Кога манастирскиот момок Тодос бил дотеран со конвој за Скопје "истиот од страв го обвинува отец Дамјан; јермонах од Лесновскиот манастир, дека имал врска со комитите, заради што бил тепан од Турците на манастирскиот чифлик во с. Стрмош, врзан и спроведен во затвор во Кратово.

БРОЈОТ НА ПОСТРАДАНИТЕ ЛИЦА ВО ВИНИЧКАТА АФЕРА

Постојат разни и различни податоци за бројот на тепаните, силуваните, затвараните и мачените во затворите лица, но ние ќе ги претставиме оние за кои веруваме дека се најблизу до вистината. Впрочем, тешко е да се даде точна бројка пред сé на затворените лица, бидејќи во целата таа збрка и паника имало масовни затварања, па потоа наскоро ослободувања, па пак затварања на други лица и сл.

Според "Мемоарите на ТМОРО", во текот на Аферата биле затворени 483 лица, а бројот на избеганите во планините и во

Бугарија изнесувал 528 лица. Според други - подетални показатели бројот на жртвите во Виничката афера бил ваков: убиени 5 лица; умреле од мачењето 5; тепани биле 111, мачени 85; силувани жени и мажи 13; затворени во казалиските затвори и во Скопје 528 лица; избегале во Бугарија 300 лица. Меѓу мачените имало 27 учители, 13 свештеници, затворени 30 учители и 12 свештеници; управители на училишта3; избегале 10 учители и 11 свештеници. Другите биле главно селани, а од градовите биле занаетчии и трговци.

Бројот на затворените лица по кази (околии) бил следниот: според протестната нота од бугарскиот дипломатски претставник М. Марков од 18. 01. 1898 година испратена до Халил Рифат - Паша големем везир во Турција.

Кочанска каза - 172 лица;
пехчевска 51
Штипска 159
Кумановска 26
паланечка 120
Кратовска 64

Вкупно 592 лица. Истите податоци ги дава и францускиот конзул од Солун во извештајот од 02. 01. 1898 година.

За да не ги повтараме бројките на постраданите лица во Аферата, и да не го оптоваруваме текстот на книгава, ги упатуваме читателите да го погледаат документот број 6 што е приложен на крајот на книгава, во него ќе ги најдат набележаните страдалници во извештајот што австро-унгарскиот конзул од Скопје го испратил во 1898 година до министерот на надворешни работи во Австро - Унгарија.

По протестите од страна на роднините на затворените лица, како и интересот на странските дипломати во Скопје, да дознаат од вилаетските власти вистината за поплаките заради своеволијата на полицијата при распитот на затворените лица и при блокадата на селата, Министерскиот совет на Османската царштина формирал Анкетна комисија, на 3 март 1898 година, со задача да ја утврди вистината.Комисијата работела 14 дена во Скопје и го проучувала обвинувачкиот материјал за околу 520 лица, собран од 7 кајмакамати. Пријавите давани до Комисијата за злоставуваните лица, полицијата сите не ги проследувала до Анкетната комисија.Задачата на Комисијата била "да ги испита сите престапи, но и да ја заблуди јавноста за вистинската положба". Материјалите од Анкетната

комисија му биле предадени на специјалниот воен суд. За претседател на судот бил назначен командантот на Воло-Енвер-паша. На Судот му била дадена задача "да оддели 3 до 5 лица како поттикнувачи а другите, откако ќе положат заклетва, да си одат по своите домови.

Судот тргнал од Стамбол на 15 февруари (нов ст.) 1898 година, и на наредниот ден стигнал во Скопје. Судењето на обвинетите започнало на 3 март 1898 година.

Судот наскоро објавил дека : "најопасни елементи се учителите и свештениците", и без опстојна судска истрага обвинил десетмина "за организирање востание". Заради тоа судот ги осудил следниве лица: Петар Поп Арсов, главен учител во Штип, Мише Развигоров, учител во Штип, Димитар Мирсчиев, главен учител во Паланка, Јосиф Даскалов, учител во Кратово, јеромонах Козма, игумен на Лесновскиот манастир, Александар Беличев, учител во с. Спанчево (Кочанско), Александар Икономов, учител во с. Трогерци (Кочанско) и Ангел пандуро, земјоделец. Сите тие биле осудени на 101 година заточение. Од нив, на најтешка казна со окови, биле осудени: Петар Поп Арсов, Мише Развигоров и Александар Икономов. На по три години биле осудени: Илија Крстев, од село Кркла (Паланечко) и Даниел Велков-Дограмаџиев, од Кочани (од Ербапците - А.А.)

За убиството на Ќазим-ага во Виница, Апелациониот суд во Скопје осудил 12 лица. Тие биле осудени од две причини: За морално задоволување на блиските на Ќазим-ага и 2. За да се прикријат жестокостите на Дервиш-ефенди пред надворешниот свет. Истовремено Анкетната комисија, сосема цинично објавила дека бројот на затворените ја надминува цифрата 400, но дека само врз двајца од нив било употребено насилство. Сите други притворени во Скопскиот и во другите затвори биле ослободени.

Од 12 лица, едно било осудено на смрт и тоа Стојне Иванов од с. Јакимово (Кочанско); седум лица биле од Виница и тоа: Иван (Јованче) Петров, селскиот кмет, Нацко Коцев, Митко Стефанов, Христо Мицов, Тодор Захариев, Тодор Христов - Димов и Иван Тасев. Тројца биле од с.Јакимово: Георги Јосифов, Цанко Пандов и Богдан Стефанов, сите на 15 години затвор.

Осудените "заради организирано востание" останале во Скопскиот затвор до 4 септември 1898 година (нов стил) кога биле испратени на заточение во Подрум-кале.

Османските власти, сé до последниот ден, намерно го криеле нивното заминување на заточение, за да се избегнат евентуални

демонстрации. И покрај тоа, на денот на нивнотот заминување на железничката станица во Скопје, се собрале мноштво христијани ,мало и големо, за да се простат од своите учители и водачи.

Дури траела истрагата од османлиските власти, вистинските убијци на Ќазим-ага пребегнале на територијата на Бугарија. Откако таму биле осудени на по 15 години робија, нивните адвокати успеале да ја преиначат оваа пресуда, со тоа што образложиле дека цивилниот суд не е надлежен да ги суди, бидејќи злосторот го извршиле на туѓа територија, туку за тоа е надлежен воениот суд. Тој пак, пресудил вака: осудил 11-мина, директни извршители и нивни соучесници на делото. Од нив 4 биле осудени на по 3 години, уште 4 на по 4 години и тројца на по 7 години затвор, но 5 од нив веднаш биле ослободени.

СТРАДАЊАТА НА ЗАТОЧЕНИЦИТЕ ВО ПОДРУМ-КАЛЕ

Со Виничката афера македонското прашање пред светот се појави во една нова, поопасна форма. Веќе се работело не за чети од емигранти, формирани и дојдени од надвор, туку за едно широко организирана завера со учество на месни народни маси и под водство на месна интелегенција. Тоа беше сериозна закана за турската власт во Македонија. Свесна за тоа, турската централна власт се определила својот опстанок во Македонија да го осигурува со силата на оружјето и, само со еден целосен систем на репресивни мерки можела да ја парализира таа растечка опасност. Тоа систематски и особено ригорозно било спроведувано кон македонските револуционери во турските затвори, а посебно кон тие што биле на заточение во далечната Анадолија, кои како политички кривци-предводници на заверата, биле и најстрого пресирани. Инквизиторските методи и средновековниот режим требало да ја скршат волјата и револуционерниот дух на "БАШ КОМИТИТЕ", а меѓу нив особено на Петар Арсов, Мише Развигоров и Ал. Коцев.

Во поднесеното барање од 25 јули 1899 година, до австро-унгарскиот конзул во Скопје, заточените молат да се преземе чекор во Цариград за подобрување на нивната положба, односно "да бидат поблаго третирани". Во споменатото барање, меѓу другото, тие пишуваат: "Ние сме изложени на бесот на полудиви затвореници и

на секакви големи несрреќи што се случуваат и сето тоа го уништува телото и духот". "Да се биде меѓу тие луѓе, полу диви, кои гладот и најниските инсекти, а исто така и материјалниот интерес, ги наведувале на најодвратни акции". За да се има представа за гладот во Подрум, доволно е да се знае дека таму коските се толчат во прав и се јадат со апетит, а се јаде и тревата што се наоѓа таму. Се зборува дека многу затвореници се отруле поради гладот", се вели понатаму во нивните искажувања. Таму "по најостри ветрови следувааат несносни горештини во таа пустина и тие ги уништувале и најкорпулентните организми. Смртноста меѓу затворениците била голема. Во 1894 година од "400 затвореници 83 умреле". Во 1899 година од 500 затвореници, до средината на годината, умреле 81 затвореник.

Во ноември 1898 година, македонските затвореници, по случајот на Виничката афера, во затворот биле посетени од Спиро (татко на Мише Развигоров) и Костадин Бојаџиев (шура на Јосиф Даскалов). После долги молења кај управата на затворот, ним им било дозволено да ги видат осумминатa заточеници. Двајцата посетители, за оваа средба, во едно писмо пишуваат" "Во сред гробна тишина се крена голем шум од тропање на окови, тогаш видовме дека се клати кон нас една група ... нашите востаници". Тие биле "полуголи, искинати, скоро со партали покриени, тие македонски лавчиња при зборувањето за минатите страдања за варварските измачувања, менгемиња, спици, врели јајца под мишките, стапови, бесилки, усвитени железа под мишките и во устата, удираа со нозете по земјата, но тоа не беше удар, туку паѓање на суви нозе". Во писмото понатаму се вели: "далеку од своите легла и својата родина, тука во таа дива земја, во една дупка опколена од четири камени стени, не само голи, боси и во окови пиштат, но и многу други лишувања претрпуваат!"Но, и при сето тоа, нивниот дух останал бодар. Тие зборувале: "За народот умираме, за слободата страдаме,... Да, за слободата на несреќниот Македонец, Страдаат, чест и пофалба за нив и ним сличните", додаваат двајцата посетители.

При оваа средба Петар Поп Арсов искажал незадоволство кон ЦК на ТМОРО, бидејќи и не им се обратил ниту со писмо, ниту со парична помош, ниту пак им дал некакви информации за состојбите во Македонија. На крајот, Спиро и Костадин Бојаџиев заклучуваат "Тие недостижни... дејци за слободата, тие големи организатори,


кога се далеку од својот народ во таа гробна тишина, каде не можат да го чујат ниту резултатот од посеаното семе, ниту последните дејствија ... природно е дека духот ќе им опаднеи после некое време ќе изгнијат во тој мрачен, влажен, сличен на подземна гробница, затвор!."

Големите жестокости за време на истрагата како и суровите услови во затворот, ги натерало виничките маченици и нивните блиски роднини и пријатели, да се обратат до странските конзули во Македонија и пошироко во Османската империја за нивно заземање пред официјалните власти, ако не за нивно целосно ослободување, барем за олеснување на казните.

Семејствата на осудените најпрвин побарале помош од руската амбасада во Стамбол. За поблиско запознавање со случајот, руската амбасада во Цариград побарала мислење за настанот од својот конзул - Машаков во Скопје. Меѓутоа, Машаков "ја молел амбасадата да не се зазена за помилување на именуваните робијаши..., бидејќи тоа помилување би ги охрабрило (другите б.н.) да влетуваат во слични авантури, а положбата во Македонија и без тоа е ровита.

Во ноември 1898 година Димитар Мирасчиев, Јосиф Даскалов, јеромонах Козма,, Александар Беличев и Ангел Пандуров изјавиле дека имаат подготвено барање до Високата порта за нивно преместување на островот Родос каде слободно би можеле да излегуваат во еден цел град, а не ограничени во крепоста на еден затвор.

Со сигурност може да се рече дека петар Поп Арсов, Мише Развигоров и Ал. Икономов не се приклучиле кон ова барање поради природата на нивната казна која гласела "вечен затвор во окови" за разлика од претходните петмина чија што казна била "вечен затвор во град". Речиси во исто време (03./15. 11. 1898 год.) Спиро Бојациев, по посетата во Подрум-кале, испратиле молба до бугарскиот дипломатски агент во Цариград и тој да се заземе за петнаесетте тројца заточеници. Во неа, помеѓу другото, истакнуваат:..."Помогнете да се задоволат нивните барања... да се разбере и им се соопшти на колку години заточенички затвор се осудени; да се работи за нивното брзо ослободување; засега да се придобие неодлжно преместување на островот Родос". Веќе во јули 1899 год. Бугарското дипломатско агенство превзело постапки кај Портата за нивно преместување на Родос. Сето тоа, од една страна



Дописна картичка што Петар Поп Арсов ја испратил од Подрум -Кале преку својот брат Андреја до Австроунгарскиот конзул во Скопје

и од друга, како што вели Петар Поп Арсов, "дирекцијата на затворот и особено г-от кајмакам помогнаа на нашите другари да бидат пренесени од затворот според нивната пресуда во некој од островите, назначени за заточеници (тоа е затоа што тука ги држат неправедно и главно што не може да им се гарантира животот во затворот). Преместувањето на петминатa заточеници на Родос им дало повод на Петар Поп Арсов, Мише Развигоров и Ал. Коцев да се решат на еден порискантен чекор т.е. да се обратат со молбено прашање до Австроунгарскиот конзул во Скопје за негово лично заземање пред османската власт за да бидат преметени на островот Родос. Имено, тројцата, на 25. 07. 1899 год. на една отворена картичка адресирана на турски јазик до Ѓорги Димитри Кочов - Тодоров во Велес, со назнака на кирилица за "господин Андреј Поп Арсов" во Богомила, го изнеле своето барање до австро-унгарскиот конзул во Скопје на француски јазик. Сигурно е дека поради тоа што картичката била сосема отворена и лицето Ѓорго Тодоров не било компромитирано пред власта, картичката успеала да стигне на вистинското место.Така, преку Андреја Поп Арсов, таа стигнала до секретарот на Бугарското трговско агенство - Наумов кој ја предал на австро-унгарскиот конзул. Во неа, меѓу другото, истакнуваат: "Ние потпишаните кои треба да останеме во затворот по сила на нашата пресуда, која е донесена без да бидеме судени ќе бидеме изложени уште веднаш, или ќе бидеме спасени, ако го промениме вечниот затвор со заточение преку едно застапување пред Н.И.В. Султанот".

Слично молбено барање до австро-унгарскиот конзул Пара во Скопје било испратено и од семејството на споменатите тројца заточеници.Меѓу другото, изнесувајќи ја "опасноста за опстанокот на нашите луѓе, на кои се фрли сиот товар за повеќе од илјада затвореници" молат да се стори сé што е можно "затворот да им е еквсен за повеќе години, доколку нивното целосно ослободување во моментот не е можно". Но, по се изгледа дека австро-унгарскиот конзул не презел ништо во тој правец.На тоа упатуваат зборовите на Пара: "Јас не можам да го убедам господинот Наумов дека... контактирањето го компромитира Ц (-арскиот б.н.) и К. (-ралскиот б.н.) конзул во очите на турските власти. Тоа може да биде непријатно... во иднина да се избегнува".

Во тоа време молба за интернација на Поп Арсов поднела и неговата мајка Syна Поп Арсова.Таа, преку Бугарското трговско

агенство во Скопје, својата молба ја упатила до Министерството за надворешни работи и вероисповест на Бугарија. Во неа, меѓу другото пишува: "Како мајка, јас најсилно го претчувствувам сиот ужас и гибел на своето чедо, а со тоа и на мене. Среќна би била тој да загинеше, но не во подрум, каде ќе ги чувствува и брои деновите до загинувањето. Зашто ако син ми со недокажаната вина, требаше да се лиши од живот, тоа требаше да стане веднаш, а не така полека, бесчовечно". Навистина, зборови трогателни, но и достојни за една мајка што гледала син од таков маштаб. Таа во својата молба бара ако не целосно ослободување, барем преместување на нејзиниот син Петар и неговите двајца другари на некој остров "за да можат да дишат чист воздух и јадат парче чист леб, доволни да ја крепат својата сила и надеж".

Овие постапки на македонските револуционери и нивните блиски уште повеќе придонеле за поширока меѓународна афирмација на македонското национално ослободително движење, како и за пласирање на единствената вистина дека тое е автохотно движење, а не инспирирано и раководено од Бугарија. Со тој факт се соочила и самата османска власт па затоа фатените организатори биле спроведени во Подрум-Кале каде "средно-вековниот затворски режим требало да ја скрши волјата и револуционерниот дух на Петар Поп Арсов и другите македонски револуционери". Или пак, како што запишале самите тие, да се "уништи телото и духот".

Во текот на јули 1901 година бројот на македонските револуционери во Подрум -Кале значително се зголемил. Имено, по Солунската провала, од вкупно осудени 101 лице, од кои 9 на смрт, на 06. 07. 1901 год. четириесетмина од нив биле испратени во Подрум-Кале. Во оваа група се наоѓале и членовите на ЦК на ТМОРО: Пере Тошев, Иван Хаџиниколов, Христо Татарчев и Христо Матов, како и други истакнати дејци во македонското ослободително движење. На тој начин турската недосетливост ги собрала на едно место најистакнатите раководители на ТМОРО. Тоа овозможило да се одржуваат револуционерни советувања во срцето на Османската империја на кои се претресувале значајни прашања за иднината на Македонија. Во новите услови, Поп Арсов од новодојдените затвореници бил информиран за подемот на револуционерното дело воопшто. Од тогаш се зацврстени врските со ЦК во Солун, кореспонденцијата станала поредовна, а биле испраќани и парични средства за нивна општа издршка.

Во февруари 1902 година, според Христо Матов, во затворот Подрум-Кале почнале да се шират гласини дека поради нови раскривања во врска со Солунската афера од јануари 1901 година, во Солун повторно ќе бидат повикани: Пере Тошев, Хр. Матов и Ников,та по едно брзо судење "на две на три" да се обесат. Веднаш било одржано советување за да се заземе став по тоа прашање. На советувањето учествувале "големците": Петар Поп Арсов, Пере Тошев, Христо Матов и ХристоТатарчев. Тие одлучиле, при евентуално повикување на споменатите тројца во Солун, да замине само Христо Матов, а Пере Тошев да остане "протекст - болен" но за среќа никој не бил повикан.

Таквите собранија и взаемни разбирања во затворот биле краткорочни. Разногласијата од идејно- политички и стратегиско-тактички карактер за ослободителното дело во Македонија биле причина за брзо заладување на меѓусебните односи. Поларизацијата меѓу најистакнатите раководители на ТМОРО во Подрум-Кале била сосема евидентна по пристигнувањето на Даме Груев во затворот. Христо Поп Коцев, во врска со тоа вели: "Тоа било среќа во несреќата - да бидат на едно место, Даме со своите први другари; но радоста му била наскоро отруена; своите другари ги нашол раскарани и во многу неубави односи.на една страна: Матов, Татарчев, Развигоров и други, а на друга: Поп Арсов, Мирасчиев, Х. Николов и други." Во таква атмосфера не можел да остане настрана ниту Даме. А како да остане настрана , кога Матов и Татарчев сосема поинаку гледале на работите во Македонија. Ѓорче Петров во врска со тоа пишува: "Тие во Подрум се беа зајале меѓу себе, Пере и докторот (Х. Татарчев б.н.) оттогаш веќе не можеа да се трпат. Даме и со Матов и со докторот беше оладен до голем степен ... во затворот нема веќе општо дело и таму се раздробуваат". Овие разидувања во затворот постепено се пренеле во целата Организација и особено до израз дошле по нивното излегување од затвор по прашањето за востание во 1903 година., а својата кулминација ќе ја достигнат по востанието.

Во ваква атмосфера Петар Поп Арсов останал во затворот сé до 19. 08. 1902 год. (ст. стил) кога Абдул Хамид II, по повод денот на стапување на престол решил да амнестира 36 македонски затвореници. Со амнестија, покрај петар Поп Арсов, биле опфатени и петнаесетте седуммина обвинети по Виничката афера за организирање востание. Истовремено биле амнестирани членовите на ЦК наТМОРО и другите револуциноери осудени по Солунската провала. Групата заточеници на 24. 08. 1902 год. (ст. стил) се јавила

до редакцијата на весникот "Право" известувајќи ја за нивното скорешно заминување во Солун. Според Христо Матов тие во Солун пристигнале на 01. 09./14 1902 година.

Се поставува прашањето зошто затворениците му се обраќале на австроунгарскиот конзул во Скопје. Познато е дека интересот на Австро-Унгарија за Балканот, како и на Германија за овој Полуостров, во тоа време станал интензивен бидејќи тогаш се групирале двата спротиставени блока од големите сили. Големата антанта и Централните сили за прераспределба на светот во евентуална војна. Балканот бил транзитна комуникација во замислената стратегија на овие големи и силни држави, та затоа нивните дипломати настојувале на него да нема немири какви што биле во врска со Виничката афера, па затоа и настојувале пред осмнанско-турските власти Аферата да заврши побргу.

За да заведе што побргу ред во вознемирена Македонија со Виничката афера, верувајќи дека има евентуални афери и во другите региони од Македонија, централната власт од Станбол префрлила броен контингент свои војски од другите предели на империјата во Македонија, бидејќи "со ужас констатирала каква опасна змија се криела во пазувите на нивниот господаречки систем." Затоа власта презела остри и опсежни мерки за да го уништи ова зло за царштината. Уште во 1898 година ги умножила гарнизоните и ја зголемила војската во Македонија. На19 март 1898 година еден батаљон војска, под командата на Саид Батал Гази (од Вилаетот Конија) од Солун е испратен за Скопје. Батаљонот се состоел од 14 офицери, 518 војници и 91 коњ во комората. Од Битола, истиот ден е испратен за Скопје уште еден батаљон војска со 14 офицери, 633 војници и 90 коњи. На 16 март истата година од Кариферија бил испратен батаљон војска со 14 офицери, 632 војника и 60 коњи. На истиот ден вечерта бил отправен уште еден батаљон војска со 14 офицери 910 војници и 66 коњи, наменет за Скопскиот вилает. На 17 март таа година од Битола бил испратен уште еден батаљон во кој имало 16 офицери, 916 војници и 30 коњи. Еден ден потоа од овој град тргнал третиот батаљон до 14 офицери, 847 војници и 80 коњи. Овие батаљони, составени од редовна (низами) војска и резервисти (редифи) биле предзначени за Кратово и Крива Паланка, близу бугарската граница и таму каде што беа опфатени бројни луѓе во Виничката афера.

Бројни патролни единици денонокно крстосувале по селата, а на редовните војници им го продолжувале воениот рок.

ПОСЛЕДИЦИ ОД ВИНИЧКАТА АФЕРА

Растројство, но и консолидација на некои реонски и месни раководни тела на ТМОРО во Источна Македонија

Со затворањето и праќање во заточение истакнати раководители на ТМОРО биле разнебитени раководните тела на Организацијата во местата опфатени од Виничката афера. Раководителите на Окружниот комитет во Штип-Петар Поп Арсов и Мише Спиров Развигоров биле заточени во Подрум-кале. Наместо нив ЦК на ТМОРО од Солун го испратил за Штип Христо Коцев, родум од Штипско Ново Село. Тој и Тодор Лазаров-"брадата", штипјанец, станале раководители на Штипскиот кружен револуционерен комитет. Тодор Лазаров завршил VI клас во Солунската гимназија. Заедно со постариот му брат Арсо имале манифактурен магазин во Штип. Тие биле од видното штипско семејство Хаџидимитриеви. Тодор заборувал француски и турски јазик. Бил мошне интелигентен и подобро пишувал и говорел отколку и некои виши чиновници Турци од градот. Успешно соработувал со својот сограѓанин Христо Коцев. Бидејќи не бил женет сецело се оддал на револуционерната дејност.

По растројство на некои реонски и месни раководства во Виничката афера, за кусо време се обновувале овие тела било од некомпромитираните стари кадрови или пак од нови подмладени сили. За консолидирањето на овие реонски и локални организации помогнал Скопскиот окружен комитет на ТМОРО и ЦК на Организацијата од Солун.

Кочански реонски комитет

По враќањето од скопскиот затвор на некои членови од Кочанскиот комитет во 1898 година се оформил нов Комитет на

чело со Александар Развигоров, штипјанец, брат на Мише Развигоров, а учител во Кочани по Аферата, Глигор Бурев, од Штип и тој учител во Кочани и Тодор (Тоде) Нако Богатинов, виден трговец од семејството Нако Богатинови, од Кочани. Во нивниот простран ан во кочанското маало "Стришани" постојано доаѓале на пазар селаните од планинските осоговски и полските села, та врските, раскинати во Аферата, лесно и бргу се воспоставиле.

Во Кочанската организација бил опфатен и Тодос Киров Минев, кочанец, којшто бил избеган за Бугарија, па се вратил кога Аферата стивнала во својот град. Тој се занимавал со "сарафска" дејност. Бил мошне интелигентен и добро го познавал османско-турскиот јазик говорно и писмено, подобро од кочанските Турци. Имал прогимназијално образование (Осмолетка), бил на 38 годишна возраст. Турскиот кајмакам во Кочани, којшто бил во поблиски односи со Тодоса, знаејќи ги неговите квалитети настојувал да го врбува во своја служба, како шпијун на власта. За таквата услуга му понудил месечна плата од четири златни турски лири. За понудата на ваков ангажман, Тодос го известил Кочанскиот комитет на ТМОРО и со нивна согласност ја прифатил понудата на кајмакамот, едновремено станувајќи "контра" (шпијун-А.А.) на ТМОРО.

Кратовски реон

Како и во другите места од Источна Македонија, така и во Кратовско дотогашните коректни односи меѓу христијанското и муслиманското население се изостриле. Месните турски власти во Кратовската каза презеле строги мерки за да го исплашат населението и да ја осигурат својата безбедност. Освен што биле стационирани неколку батаљони војска во пограничниот појас спрема Бугарија, патролни единици денонокно крстосувале по селата. Се даде повод на познати силници и зулумџии да вршат разни своеволија над македонското население. Неколку години по Виничката афера, речиси, како никогаш пред тоа, стануваа чести убиства на христијани; насилно потурчување на Македонки; пакости од разбојнички муслимански банди и погроми што му ги нанесуваа на населението на Кратовско-злетовскиот крај. Биле создадени контрачето од Турци и Албанци (Арнаути-А.А.), кои вршеле своеволија и сееле ужас меѓу населението од Кратовско.

Насилно потурчување жени

Како што може да се види од архивската документација со која располагаме, насилно, а и од страв, преминувале во ислам девојки и жени од овој крај по Виничката афера. Освен од своеволијата и малтретирањето на поединци или групи, ова се должело и од крајната сиромаштија во која се наоѓало населението од овој планински регион, та во преминувањето во ислам, барем некои од женската челад наоѓале излез, од инаку жалната економска положба.

На 1 јануари 1898 година некој спахија Турчин од Штип, по име Зејнел, дошол со другари во с.Пробиштип и сосила ја грабнал момата Лума и ја потурчил. Таткото на Лума Ташо Колев, се поплакал на кајмакамот од Кратово но без успех. Иако бремена, подоцна Лума сакала да се врати дома, но не ја пуштил Зејнел.

Во март истата година, се потурчила некоја Цана Георгиева, од с.Талашманци. Кога сакала да се врати повторно во христијанската вера, кратовскиот кајмакам ја изгонил од уѓуматот.

Во мај 1899 година, кратовскиот кадија, при преместувањето од Кратово, сакал сосила да ја одведе со себе својата слугинка Звезда Димитрова од с.Глобица и да ја потурчи. Дедото и бабата на девојчето, Јованче воденичарот и Ана, успеале сосила да си ја вратат внуката при што се степале со кадијата и со неговиот син.

Беца Младенова, сестра на селскиот кмет Јане од с.Плешенци, се потурчила во август 1899 година и се омажила за Турчинот Ибраим, од с.Турско Рудари, кој бил падар во с.Плешенци. При перипетиите што пред тоа настанале, Ибраим стрелал со пушка во Серафим Нешов од с.Плешенци, и му го продупил кожувот на две места.

Во јули 1899 година Мирса Накова, од Кратово и Јагнија од с.Горни Стубол преминале во ислам и се омажиле за Турци. Јагнија била жетварка во турското село Стрисовци и таму ја потурчиле. Ја одвеле во Куманово но оттаму избегала. Ова на авторот му го соопштува Стојче Д. Стојанов, од Горни Стубол. И во 1900 година има бројни случаи на потурчување. Селските спахии Нуредин-бег и Шакир-бег, родом од Скопје, на 9-ти октомври 1900 година, ја грабнале сосила девојката Видана Мишова, од с.Добрево, која се наоѓала наа гости во с.Плешенци и ја одвеле за Скопје.

На 30 октомври 1900 година, падарот од с.Приковци-Шабан Мехмед Струисовцали, ја грабнл и ја потурчил жената Праскева

Соколова, од с.Туралево, која пред тоа 5 години била во брак со Богдан Митев, од Туралево.

На 23 октомври била грабната од татковата куќа во с.Кудино, момата Наца Величкова, на 20-годишна возраст. Ја грабнал бившиот селски падар Алија Торозли-Кртовец. Мјката и таткото на девојката, Величко Крстев и други 12 жени од Кудино, отишле во Кратово да ја бараат Наца, но биле тепани и изгонети од полицаецот Ахмед-бej и заптиите. Наца потоа се потурчила.

Посебно зло и напаст за градот Кратово и за неговаата околија претставувала групата од 20 Албанци, командувана од Селим Чауш (сеаре Чауш), која уште во 1897 година била доведена во Кратово за да ги зајакне силите на турската безбедност. Оваа група извршила безброј своеволија, но особено се пројавила во преведувњето во ислам девојки и жени од овој крај.

Архиерејскиот намесник од Кратово во своето писмо до митрополијата во Скопје меѓу другото го пишува и ова за пакостите од вооруженаta тајфа на Селим Чауш:

"Нашиот град наполно е предаден во рацете на Арнаути коишто прават сé што сакаат без да бидат за тоа предупредени од кајмакамот кој исто така се солидаризира со нив. Дека тоа е така самите факти ќе Ве убедат, коишто се колку потресни, толку и вознемирувачки. Селим Чауш си поставил за задача да обезбеди на сите свои потчинети (околу 20 души) и на сите свои пријатели по една одбрана христијанска мома. Тој самиот рекол: "За себе ќе ја потурчам најубавата градска мома, а за моите потчинети најубавите селски моми." И навистина, она што го кажал, со помошта на кајмакамот, сака и да го оствари. Пред две недели дојде во нашиот град Мехмед, по народност Бошњак, голем пријател на Селим-Чауш. Првиот го замолил последниот да му потурчи некое девојче, за очистување на гревовите, што досега ги сторил..." Понатаму, архиерејскиот намесник раскажува во својот извештај дека Селим Чауш на 4 април 1901 година со 10 души од својата вооружена тајфа отишол во планинското село Којково во Чаир-маалото кадешто имало оро од моми. Без никаков повод ги изнатепале младинците Петре Манаасов и Т. Наумов, што таму се нашле и го гледале орото. Потоа отишле да ја грабнат петнаесетгодишната Палагија Тонева од истото село. Неочекувано им се спротивставиле нејзините родители и роднини. И намерата на грабнувачите овојпат не им се исполнила. Но кога на 7 април во саботата Плагија дошла на пазар

во Кратово, неколку души од сеарето, на чело со Мехмед, ја грабнуваат и сосила ја затвораат во куќата на телеграфистот. Иако Пелагија викала за помош со сиот глас, та тоа се слушало во блискиот уќумат, "кајмакамот и другите чиновници од тој писок се восхитуваа како што волкот се восхитува од слаткото блеење на грабнатата овца..." пишува понатаму архиерејскиот намесник. Од извештајот понатаму дознаваме дека Палагија се обидувала да избега, но не и успеало. Родителите на девојката се обиделе да ја отмат ќерка си од рацете на сеарето, но не успеале - таа била насилно преведена во ислам. Дури на 3 ноември 1901 година Палагија, со помошта на сестра си Гена, избегала за Бугарија. Сеарето ги затворило таткото и братот на момата.

На 10 мај 1901 година спомнатиот веќе Селим Чауш пак тргна со десет свои вооружени луѓе по планинските села каде ги распитувал и тепал луѓето и пак се задржал во с.Којково, од кое веќе биле потурчени 5-6 девојки во време од неколку месеци и со сила ја грабнале петнаесетгодишната Ката, ќерката на Трајко. Таткото на девојката не се осмелувал да се жали плашејќи се да не биде убиен од Селим Чауш.

Селим Чауш во мај 1901 година со големи заплашувања сакал да ја грабне ќерката на некој "Србоманин" од Кратово, Насе. Од голем страв девојката се побркала со умот. Потоа Селим се обидувал да ја потурчи и земе за жена учителката од Кратово Анастасија поп Димитрова. Тој ѝ испратил порака на оваа учителка "или сама да се потурчи или ќе ја грабне од дома".

Втор пат испратил еден од своите стражари за да ѝ каже на учителката дека Селим Чауш го бара татко ѝ. "Со други зборови речено: турчи се или ќе дојдам ќе те грабнам и одведам далеку некаде во арнаутлакот", се вели во извештајот.

Од постојаните заплашувања на Селим Чауш биле готови да се потурчат 7-8 девојки од с.Мушково и некои други села.

Татковците на потурчените сосила девојки не смееле да подадат тужби, плашејќи се од Селима да не би да ги убие. Таткото на Ката, Трајко, бил тепан до смрт од Селима и од страв девојката се потурчила.

Од документите што потекнуваат од 1902 година и натаму, може да се констатира дека потурчувањето во Кратовско, а особено од Злетовската област се многу ретки. Развојот на настаните во овие години е таков што ни дава за право да констатираме дека ужасите

од Виничката афера постепено бледнееле, а стравот кај народот од овој крај се намалувал. Од друга страна, почнувајќи од 1900 година, ТМОРО пак се обновува. Во оваа нејзина фаза се создаваат и вооружени чети на Организацијата од кои не само што се плашат Турците насилници, туку четите застануваат на пат на потурчувањето под закана со смртна казна особено на оние жени што се оддавале на блуд и од такви побуди стапувале во врска со омразените од народот насилници или го примале исламот и се мажеле за Турци.

Во еден документ од 1902 година стои дека "многу потурчени жени се враќаат во православието", што е, според наше мислење, резултат на енергичните мерки што ТМОРО ги презела да го спречи ова зло.

Терор и убиства по Виничката афера

Турската војска, контрачетите (сеаре) што биле формирани по Виничката афера и качачки разбојнички банди (што дури во овој крај вршеле злосторства), како и поединци Турци, меѓу кои и падарите, извршиле бројни злосторства во Кратовско-Злетовскиот крај, почнувајќи од тепање, ограбување и убиства што биле чести во годините по Аферата.

"Имаше еден слој Арнаути - мухамедани кои без галени деца на султанот, вели Ангел Динев. Тие одеа до заби вооружени и убиваа кого сакаа без да бидат накажувани. Тие беа нешто како држава во држава... Тој слој Арнаути без причина го тероризираше народот. И не само христијаните, туку и мухамеданите... Тешко на тој што ќе попаднеше во ноктите на тие неодговорни фактори".

Една контрачета (сеаре), составена од Албанци, имаше во Кратово под командата на спомнатиот Сулејман Чауш. "Тие живееја во градот но одвреме навреме ги обиколуваа селата каде вршеа големи зулуми. Истите Арнаути потурчија околу 10 селанки, кои ги испратија на своите роднини во Албанија."

Од поединци Турци "катили" беа познати од Злетово, синовите на маџирот (преселник од Бугарија по 1878 г. б.м.) Салијата и тоа Мустафа, Мемет и Асан.)

Ќе наведеме некои од злосторствата, за кои имаме архивски податоци за годините по Виничката афера, односно пред Илинденското востание, не претендирајќи со тоа дека се опфатени поголемиот број случаи.

Некој Рецеп онобашија (десетар во турската војска - б.м.) отишол во с.Барбарево и го приморувал селскиот кмет да го упати на ноќевање во куќа каде има девојки за да го служат. Бидејќи желбата не му била исполнета ги тепал кметот Ивана Сачков и селанецот Тасе Давитков. Овие се жалеле на кратовскиот кајмакам, но тој воопшто не обрнал внимание на овој случај.

Во почетокот на октомври 1899 година биле убиени по еден селанец од с.Пендак и с.Шопско Рудари. Убиецот на селанецот од Пендак бил кратовскиот беледие реизи Јашар-бег.

На 21 октомври 1899 година вечерта, враќајќи се од пазар од Свети Николе, биле убиени меѓу селата Татомир, Барбарево и Сакулица, селаните од с.Трновец: Пешо Стојанов, Бојко Димитров и Станко Цветковски. Со нив бил и Бошко Чокев, но тој успеал да избега. Убијци биле Албанци, качаци.

Турската контрачета тогаш се наоѓала во с.Стрисовци, но не обрнала внимание на ова злосторство. Оваа банда од арамии и убијци четири дена пред тоа го ограбила селото Татомир.

Кога Бошко Чокев, изјавил на полицијата во Кратово дека убијците биле Албанци, го тепале оти не кажал дека се тоа селани од Сакулица или Татомир.

"Сеарето" било известено отпорано за движењето на разбојничката банда околу овие села. Архиереејскиот намесник од Кратово се посомневал дека тоа е во договор со злосторниците што го извршиле убиството.

На 19 ноември 1899 година бил ранет, а на 30 истиот месец умрел српскиот архиерејски намесник во Кратово Иван Максимов хаџи Георгиев. За убиството биле затворени некои Кратовци и учителот од с.Шлегово. Затворените многу ги тепал полицаецот - Албанец - Рецеп Онобашија.

На 1 март 1900 година Филип Јаначков, од с.Шлегово, бил убиен со нож од пандурот Гонце Мехмед, од Кратово, затоа што како аргатин зел од лозје суви прачки.

На 13 јули 1900 година кај с.Барбарево, најден човек убиен и изгорен во крстини снопје. Убијците непознати.

На 3 ноември 1900 година Турците Демир Јашаров, Асан Мехмедов и Сефер Абдулов од с.Орел, го убиле Нацета Костов, младинец на 19 години од истото село, само заради тоа што тој бил "со самостоен и слободен карактер".

Кон крајот на февруари 1901 година бил убиен Јован Шопов,

од с.Неокази, кој бил пошол на воденица. Го убиле Албанци кои оделе за Турско Рудари да купуваат тутун. На убиениот му биле ограбени парите. За убиството биле обвинети неколку души Власи и други селани.

На 25 ноември 1901 година неколку души Албанци разбојници забрале стадо овци од с.Петришино.

На 25 ноември истата година контрачета турска ги обиколувала селата и длабоко во ноќта влегла сосила во куќата на Миладин Цветков, од Пробиштип, и го изнатепале бидејќи веднаш не ѝ отворил, а потоа останала таму да ноќева.

На 17 февруари 1902 година потурченикот Осман, од с.Шлегово, тешко го ранил Костадина Наков, од Кратово, меѓу Крива Паланка и Кратово.

Селим-Чауш во март 1902 година тепал Кратовци.

На 9 мај истата година, кадијата, шефот на полицијата и други, отишле на лов во Луково и сосила ги терале селаните да им догонуваат дивеч.

Од 15 февруари 1902 година таксидарите, придружени од неколку коњаници од Велешкиот табур, ги обиколувале селата и ги тепале до смрт селаните.

Жандармерискиот јузбашија од Кратово отишол во с.Стубол и под изговор дека имало "лоши луѓе" тепал селани и им зел 3-4 лири рушвет.

На 20 март 1902 година, сеарето и еден полицаец гаѓале со пушките кокошки во селото.

На 22 март истата година, Мите Чукчук, од Кратово, тепан кај Лесново до смрт од Амет-бег, полицаец.

На истиот ден на патот од Злетово за Кратово бил тепан до смрт и кубан за мустаќите Иван Бојаџија од Кратово. Го тепале контрачетници (сеаре) оти носел некое писмо за поштата во Кратово.

На 29 јули оваа година, новообразуваната турска контрачета што била сместена во Турско Рудари, стрелала од пушките врз Стоимен Петрев, од селото Ратковица, кога се враќал од Злетово од пазар.

Според таканаречените падарски реформи од 1902 година, им се позволувало на христијаните да бидат селски падари и припадници на турската жандармерија и полиција. Ова ги огорчило фанатизираните Турци та имало чести малтретирања и убиства на падари христијани.

На 15 јули 1903 година тројца турски војници се обиделе да го убијат падарот од Ратавици Ананија Кимев, но тој им избегал од рацете, откога добил неколку удари во грбот.

Обновување на ТМОРО и нејзината активност по Виничката афера

Тајната Македоодринска револуционерна организација во кратовско Злетовската област беше постигнала добри резултати во организирање на селаните, во снабдувањето, со оружје и издигнувањето свеста на народот за национално ослободување. Таа активност главно имаше повеќе подготвувачки карактер.

Но Виничката афера ги покажа сите слаби страни на дотогашното устројство на Организацијата. Со затворањето на градските раководители во засегнатите околии, откога останаа без месен раководен центар, организационите институции го прекратија своето дејствување.

Во Кратовскиот реон, во отсуство на првите раководители на ТМОРО, што беа испратени на заточение, се активираа нови луѓе и веднаш се зафатија, повторно да ја комплетираат Организацијата со нова мрежа на свои органи, да создадат нови тајни канали и да се снабдат со оружје, надополнувајќи ги неговите загуби во Виничката афера. Во оваа, втора фаза од развојот на ТМОРО во овој крај работата беше порискантна, бидејќи се зголеми бројот на контрачетите турски и на војската што беше стационирана и во такви мали места како што беше Злетово, но и Организацијата веќе помина низ едно големо искушение и се здоби со драгоцено искуство, та можеше макар и во потешки услови да ја продолжи својата активност.

Уште не беа ни залечени раните од Виничката афера, и кога турската власт сметаше дека ја уништила потполно Организацијата на Кратовско, веќе кон средината на 1898 година, мораше да констатира дека се прават нови такви обиди за обновување на ТМОРО во Кратовскиот реон. Таков, неуспешен обид беше направен во јуни 1898 година. Како што може да се разбере од преписката меѓу Кратовското архиерејско намесништво и Скопската егзархиска Митрополија, учителот Гочев од Штип го задолжил Кратовецот Мите Трте да ги одведе од Штип за Кратово двете компромитирани пред турската власт лица по име Ристоман и

Коце, од с.Дедино, Радовишко и да му ги претстави на кратовскиот учител Глигор Манасиов. Овие двајца биле сместени во куќата на Кратовецот Трајчо. Српскиот архиерејски намесник од Кратово Јован поп Георгиев, ги предал двете "непознати лица" на турската полиција. Ристоман и Коце биле затворени, а во врска со нивното признавање бил затворен учителот од Кратово Манасиев, училишниот слуга Ѓорѓи Цицето, Мите Трте, што ги довел двете лица во Кратово, Ѓорѓи Гаџев и Трајчо, кај кого лицата преноќевале. Од Штип бил стражарно доведен во Кратово учителот Гочев, кој ги испратил лицата во Кратово.

Кај двете сомнителни лица од Дедино биле најдени по една кама и по еден револвер и една чанта. Ристоман и Коце биле тепани во затворот и им ставиле игли под ноктите. Тие признале дека оружјето и чантата им ги дал Глигор Манасиев. Учителот Гочев
бил давен од еден полицаец и тепан со камшик во затворот. На јатакот Трајко му удриле 50 стапа затоа што ги укривал спомнатите лица. Другите биле ослободени од затворот бидејќи и тие ја фрлиле вината врз учителот Глигор Манасиев.

За овој настан бил известен и Гоце Делчев во Софија, кој по тој повод во едно свое писмо од 1898 година меѓу другото вели:

"Ни ден не мине а да не ни донесе поштата (било државната било нашта) една од друга пострашни вести. Во Кратово се фатени Ристоман и Коце од Дедино, за кои има соопштение дека станале предавници."

Според искажувањата на Васил Лесев, од Кратово, Ристоман и Коце биле убиени од турската полиција, а од едно писмо се виде дека луѓето од ТМОРО го убиле архиерејскиот намесник што ги предал овие лица на Турците. Шлеговскиот учител и двајца Кратовци биле обвинети и затворени под сомневање дека тие го убиле архиериерскиот намесник.

По оваа провала Глигор Манасиев бил осуден на четиригодишен затвор.

Овој неуспех за обновување на ТМОРО во Кратовскиот реон не ги обескружил луѓето, особено учителите од Кратово. Еден од тогашните учители еве што вели за преземените активности да се обнови Организацијата:

"Ни претстоеше тешка работа бидејќи требаше да создадеме цврста организација... Се запознавме со целата интелигенција. Ги повикавме од селата сите учители со кои разменивме мисли за

претстојната дејност. Се сретнавме и со повидни луѓе на Организацијата од селата на кои им дававме упатство за работа..."

"За едно кратко време создадовме во Околијата сигурен канал за преминување на организациони чети."

Во 1900 година веќе е обновена Организацијата во Кратовско. Во неа овојпат за раководители влегле нови луѓе. Во присуство на војводата велешки Диме Берберот и секретарот негов Панајот Бајчев, кај месноста "Баба", близу до Кратово, околу десет души дале клетва. Меѓу нив биле: Ванчо Шатев, Тасе Наунов, Стојмир Грозданов, сите од Кратово, Славко Абазов, од Злетово и др. Новото раководство го сочинувале: Стоил Антов, учител од Кратово, родум од с.Сакулица,-претседател, Ванчо Шатев, благајник, а Васил Лесев, војвода на месна чета.

Ова раководство започнало агитација за прибирање пари и оружје. Месната организација немала средства и затоа, со помоштта на некој Душко војвода, од Бугарија, бил распределен налог на кратовските чорбации во висина од половина лира до 50 лири. Дека навистина биле собирани пари од Кратовци се потврдува и во преписката меѓу Кратовското архиерејско намесништво и Митрополијата во Скопје. Така во писмо бр.137 од 18 септември 1899 година, по претходно барање од Митрополијата да се проверат обвинувањата што доаѓале од скопскиот валија, кратовскиот архиерејски намесник го прашал кратовскиот кајмакам од каде му податоци дека некои Кратовци собрале пари од граѓаните. Кајмакамот одговорил дека некои лица се оплакуваа најмногу од учителот Стоил Антов и П.Самарџиев.

Во подновената организација биле опфатени и селските учители, како на пример Јордан Димитров, од Злетово, Константин хаџи Георгиев, од Бунеш, свештеници од Злетово и други луѓе од ова место.

Турските власти будно го следеле движењето на секој учител и секое собрание на учителите им бивало сомнително.

Во време на божиќниот распуст (изгледа во почетокот од 1900 година - б.м.) учителите од Кратово и Кратовско имале конференција во Кратово. Во куќата на учителот Трајан Китанов отседнале на стан Јордан Димитров, учител од Злетово и бунешкиот учител Константин хаџи Георгиев. Турците извршиле претрес во куќата и нашле примерок од весникот "Реформи" и ги затворила тројцата учители, кои биле осудени на робија и испратени во Скопје.

По затворањето на злетовскиот учител во училиштето останала само учителка, родом од Кратово. Таа имала големи тешкотии при изведувањето настава, бидејќи непосредно до училиштето имало на бивакување сместена турска војска која и пречела на наставата. Заради ова училишното настојателство од Злетово се жалело до кратовскиот архиерејски намесник, кој во својот одговор од 13 февруари 1901 година сожалува дека работата на училиштето трпи заради затворањето на учителот и им препорачува на злетовци, да најдат некој човек да ја придружува учителката во училиштето. Ако пак од страна на аскерот има навистина заканувања на учителката да подадат такрир (тужба) до кајмакамот во Кратово.

Во меѓувреме, Кратовското архиерејско намесништво бара од Митрополијата да го назначи за учител во Злетово Ѓорѓи Попов, наместо затворениот Јордан Димитров.

Затворените учители Јордан Димитров, од Злетово, Костадин хаџи Георгиев, од с.Бунеш, и кратовскиот учител Трајан Китанов откога биле во скопскиот затвор повеќе од една година, во почетокот на јуни 1901 година биле ослободени.

На 27. IX. 1900 година во Злетово била откриена Организација на ТМОРО. Еве што станало на тој датум:

"Тогаш, според писмото на арх.намесник од Кратово, до Скопската митрополија, полицискиот командир Ахмед-бег, со два жандара, отишле во Злетово и без присуство на селскиот коџобашија (кмет - б.м.) и селски ази (одобреници - б.м.) влегле да вршат претрес во куќата на Хаџи Димитри. Полицискиот командир наводно нашол некоја компромитирувачка книга со "најпротивна содржина".

Како што стои понатаму во писмото, наводно полицискиот командир му ја подметнал книгата на Хаџи Димитри, та "против тоа негово самоволие се кренале заедно и Турци и Бугари (читај Македонци -А.А.) од селото и месниот воен јузбашија (командир на чета - б.м.), та тој (полицаецот) бил принуден да ја истегли книгата и не ја предал на власта. Оттогаш (27 септември - А.А.) досега (4.X.1990 - А.А.) Димитар бил под надзор на властите во Кратово а затворените злетовски селани до еден ги ослободија и си отидоа за селото"), соопштува архиерејскиот намесник од Кратово.

Штотуку било формирано новото раководство на ТМОРО во Кратово, неговиот претседател, учителот Стоил Антов бил затворен

од турските власти и се наоѓал во Кумановскиот затвор во есента 1900 година. Тој и група политички затвореници од Кратово во затворот биле тепани и страдале од студ.

Создавање вооружени чети на ТМОРО

Организацијата не располагаше со вооружена сила за да може да реагира против прогонувањето, против убиствата и своеволијата од турските власти и разни вооружени контрачети и разбојнички дружини.

Се осеќаше императивна потреба од четнички "комитски" вооружен институт што ќе биде како продолжена тупаница на Организацијата, готов, според потребата, да се спушти врз инквизиторите и врз народните предавници, за да го заштити голоракото население.

Само постојаните реонски чети можеа да му дадат на ослободителното движење оној неуловив стабилен орган од кој имаше нужда Организацијата.

Солунскиот конгрес на ТМОРО од 1896 година покрај другите свои значајни одлуки, го разгледал и прашањето за вооружената сила на Организацијата. Според подоцна прифатениот Устав на Организацијата, секој околиски револуционерен реон се задолжуваше да има своја чета, чија задача се определуваше со специјален правилник.

Гоце и Ѓорче Петров при крајот на 1900 година изработиле правилник за дејствување на околиските чети со кој се регулирале нивните права и должности.

По околиските чети ќе се јават центрови пунктови чети - една од неколку села, потчинети на околиската чета, потоа селски чети, една за секое село, составена од легални членови, кои се мобилизирале само во одделни случаи. Всушност тоа е селската милиција.

Над сите тие чети се наоѓала инспекторската, ревизорска чета, единствена за цела Македонија и Одринско, под командата на Гоце Делчев, кој во исто време бил началник на целата вооружена сила на Организацијата.

По Виничката афера Организацијата постепено создаде постојана вооружена сила со сопствена полиција и со сопствен воен кадар. За ова помогна зголемениот број на луѓе што беа

компромитирани пред турските власти, та беа принудени да ги напуштаат своите домови и спонтано се организираа во вооружени чети. Едновремено тоа беа и првите вооружени органи на државноста што требало да послужат како егзекутивно телот на ТМОРО, која претставуваше врховно тело на македонската државност во создавање.

И така од проповедничка, административна и градска Организација во годините по Виничката афера ТМОРО ќе се преобрази во масовна и активно борбена, изградувајќи со време своја сопствена тактика и стратегија.

Во пролетта 1901 година формирани се и првите чети во Кратовско. Според податоците со кои што располагаме, изгледа првата чета ја формирал Атанас Бабата. Ова го потврдува и учителот Карамфилов кој тогаш учителствувал во Кратово, со следниве зборови:

"Пред Велигден (1901 г. - б.м.) добив од Митрополијата заповед да извршам ревизија на селските училишта. Истиот ден кога тргнав добив писмо дека во нашиот реон пристигнала чета на Бабата.

Атанас Бабата бил испратен од Бугарија од Ѓорче Петров за реонски војвода.

Тој и војводата Јордан Спасов "одиграа голема улога при организирањето на вооружената четничка борба и беа едни од најдобрите борци против врховизмот".

Виница и околните села по аферата

Со затворањето и смртта на некои луѓето од Виница и околината, во познатите семејства беа останале жените со малолетните деца и старите кои не можеле навреме и успешно да ги привршуваат полските работи. Жената на загинатиот раководител на Виница, Спиро Амов осиромашела. Дуќанот бил затворен, а половината од плодната земја останала необработена.

Без полициско одобрување никому не му се позволувало да оди во полето, а ноќно време жителите на Виница не смееле да излегуваат од своите куќи. Само во вторник одвечер и во среда, заради големиот обвновен пазар, власта не можела да го ограничи движењето.

Во почетокот на септември 1898 година, откако го завршил Педагошкото училиште во Скопје, Христо Настев бил назначен за

главен учител во I класното училиште во Виница. При заминувањето од Скопје тој добил инструкции од Скопскиот окружен комитет на ТМОРО, и на патот за Виница поминал преку Штип. Таму се сретнал со Тодор Лазаров "брадата", кој му ја дал шифрата на Организацијата, за да може Христо Настев да го заземе раководното место во Виничката организација. Во Виница биле учители: Глигор Димитров од Виница, Димитар поп Панов, од Штипско Ново Село, Роса Накова од Велес и Лефтерка Теодосиева-баба Цветина од Виница.

На Христо Настев прв му дошол на посета Ѓорѓи Јованчев, којшто бил условно осуден и се вратил од Бугарија. Нему Настев не му се поверил дека е назначен за раководител на Виничката организација. Во соработка со колегата Глигор Димитров, го обновиле тајниот канал на Организацијата. За курир на Каналот бил назначен Јане Бумбарки, од селото Илиево што се наоѓало непосредно до турско-бугарската граница, а пространиот имот на Јанета допирал и до самата граница. Јане бил задолжен да ги прифане пратките од Задграничното претставништво на ТМОРО преку Ќустендилскиот пунк и преку с.Ветерник, префрлани преку границата, да ги презема во с.Илиово и ги носи за Виница.

По една седмица од пристигањето на Настев во Виница, дошол од Бугарија Анѓел баба Божанин, таму наречен "Винички", кој стоел на услуга на Ќустандилскиот револуционерен пункт. Ангел донел писмо од Гоце Делчев наменето за Штипскиот окружен комитет. Како и порано, а сега од спротивната страна, Ангел ја презел главната курирска работа на подновениот канал, а Јане само меѓу Виница и с.Илиово.

Ѓорѓи Јованчев започнал да се интересира за "обновување" на Организацијата во Виница и затоа инсистирал пред Настев да ја започнат заедно работата. Настев бил предупреден од Скопскиот окружен комитет дека Ѓорѓи Јованчев е сомнителен, бидејќи по враќањето од Бугарија во Скопје тајно ја посетувал турската полиција. За да го провери, Настев му дал на Ѓорѓи погрешна шифра на Организацијата, а овој ја однел на кајмакамот во Кочани. За ова известил на Кочанското раководство на ТМОРО неговиот член Тодос Сарафов "контрата" којшто го дознал идењето на Ѓорѓи кај кајмакамот и целта на тоа идење. За ова бил известен Окружниот комитет во Штип.

Кочанскиот кајмакам му определил на Ѓорѓи Јованчев сума од 5 турски лири месечно, а му ветил уште 50 турски златни лири ако

може да го домами Гоце Делчева на оваа територија. И на "контрата" му ветил 50 лири за истото. Ѓорѓи Јованчев му пишал писмо на Гоце Делчев во Софија, бидејќи многу добро се познавале пред Аферата и Гоце имал тогаш голема доверба во него, та не можел ни да помисли дека Ѓорѓи може да биде повереник на турската полиција. За добиеното писмо (во кое Ѓ.Јованчев предлагал да се обнови каналот-А.А.), Делчев јавил со писмо до Окружниот комитет во Штип. За да го провери Ѓорѓија, Гоце му испратил писмо и романот "Шпијун" од англискиот писател (преведен на бугарски-А.А.) Фенимор Купер. Ѓорѓи Јованчев го однел писмото од Гоце кај кајмакамот. Кога ова го дознал Гоце, на инсистирањето Ѓорѓи Јованчев да се ликвидира одговорил: "Ништо не е полесно да убиеме еден наш другар но тешко е да го создадеме".

За да го провери лично Ѓорѓија, Гоце Делчев го повикал него и Христо Настев да дојдат во Бугарија и да се сретнат во Ќустендил. На 24 март 1899 година Христо Настев и Ѓорѓи Јованчев преку с.Ветрен отишле во Ќустендил. Пристигнал и Гоце Делчев па се собрале во куќата на Никола Зографов, велешанец, саатчија, претседател на Ќустендилскиот пункт. Таму дошол и Ефрем Чучков, кој бил учител во Пехчево, а во Аферата преминал во Бугарија. Гоце Делчев, пред Чучков поодделно разговарал со Настев и со Јованчев. Ѓорѓи успеал да го заблуди Делчева, та тој од него останал восхитен. За да го провери Ѓорѓија, Делчев предложил тој, со Христо Настев, при враќањето за Виница, да пренесат товари пушки за Македонија.

На 25 март 1899 година, токму пред Благовец, Ангел Винички и Ефрем Чучков заминале за селото Ветреник, на бугарска територија кадешто на 7 коњи товариле 5 товара пушки и 2 товара муниција. Границата ја поминале успешно, а товарите му ги довериле на Јане од с.Илиово да ги скрие на сигурно место. Потоа Ангел "Винички" се вратил назад, а Христо и Ѓорѓи отишле за Виница.

Наскоро Ѓорѓи Јованчев отишол во Кочани кај кајмакамот и известил за се што се случило. Кајмакамот заповедал да се подготви чета од 80 души аскер, командувана од јузбашија; Ѓорѓи да се облече во униформа на турски офицер со сабја и со карабина (за ова раскажал Јане од Илиово-А.А.); да поведат коњи и да го донесат, ноќно време и тајно оружјето од с.Илиово. Ова било успешно сторено, откако на Јане му се заканиле со убиство ако каже некому за ова.

Кочанската "контра" Тодос-"сарафот" бил присутен на сета оваа работа и бргу го известил Комитетот во Кочани и Виница, а овие го известиле Окружниот комитет во Штип и Гоцета Делчев во Софија. Обавестен за ова ЦК на ТМОРО во Солун, донел смртна пресуда за Ѓорѓи, и заповедал таа да се изврши од Окружниот комитет во Штип. Од Штип бил испратен отров во Виница и писмо со кое се повикува Ѓорѓи Јованчев да дојде во Штип. Подадениот отров во чашка со коњак, не подејствувал на инаку силниот организам на Ѓорѓи и тој стигнал во Штип. Таму, четворица терористи на Организацијата, на чело со Пане Ал.Прошев, чевлар од Штип, се обиделе да го убијат, но само го раниле. По 18 дена лекување во воената болница во Штип, од хирург дојден од Скопје, Ѓорѓи Јованчев се вратил во Виница.

ТМОРО, како и во други прилики, и во овој случај со Ѓорѓи Јованчев, бил доследен на своите одлуки. Му било наложено на младиот терорист на ТМОРО-Мите Костадинов, од с.Блатец-Кочанско да ја изврши публично одлуката на ЦК. Во 1900 година, во четврток-пазарен ден во Кочани, кога Ѓорѓи Јованчев бил присутен на пазарот во центарот на градот, бил застрелан од револвер и паднал на земја. Мите стапнал на неговиот труп и извикал гласно: "Овој е шпијунот Ѓорѓи Јованчев, Комитетот го казнува!", и истрелал уште 2 куршува во главата на жртвата.

Откако се уверил дека Ѓорѓи е мртов, Мите започнал да бега накај кочанската црква, во правец на селото Бели, со намера да се спаси од потерата што тргнала по него и влегол во блиското трло. Турските жандари, трчејќи по него, но не знаејќи во која посока е тргнал, ја запрашале некоја баба што им се мернала предочи, дали видела некого како бега? Бабата им рекла дека некој, бегајќи влегол во трлото-покажувајќи им го истото што не било далеку од нив. Фатениот Мите бил мачен од истражните органи дотаму што од тепањето му била искривена устата. По одлежаните некоја година од пресудата, Мите бил ослободен од затворот, но устата му останала сеуште искривена та бил познат како "Мите Сведин-кривоустиот".

По случај атентатот на Ѓорѓи Јованчев, биле затворени Христо П.Коцев и Тодор Лазаров раководители на Штипскиот окружен комитет.

Херојската смрт на Ангел Баба Божанин - "Винички"

Зголемениот број луѓе што беа принудени во текот на Виничката афера да пребегнат во Бугарија или да се засолнат по планините, кадешто престојуваа нелегално, спонтано се организирале во вооружени чети. Едновремено тоа беа и првите вооружени органи на државноста што требало да послужат како егзекутивно телот на ТМОРО, која претставуваше врховно тело на македонската државност.

И така, од проповедничка, административна и градска Организација, во годините по Виничката афера, ТМОРО ќе се преобрази во масовна, активно борбена, изградувајќи со време своја сопствена тактика и стратегија. Во овој и ваквиот процес ќе учествува и првиот курир на ТМОРО Ангел Винички.

Во овој период беше обновен нов канал за врски меѓу внатешноста и задграничкото преставништво во Софија. Во важниот крајграничен пункт од другата страна на границата, во Ќустендил, Ангел баба Божанин, или како што го наречуваа Винички, пак стана главна личност без која не ќе можеше да функционира овој канал. Неговата предност на Организацијата, неговата оформеност во свесен субјект на ослободителното дело, станаа извесни подалеку од местото во кое тој дејствуваше. За него Гоце Делчев се беше искажал на овој начин: "Селанец, со вродени позитивни карактерни црти и со ретка преданост на револуционер обречен да изгори секогаш во огинот за слободата на Македонија. Незаменлив жрец на Организацијата уште од нејзиното создавање".

Роден во Виница во 1867 година, уште од мал бил извесен како Ангел Божанин - според името на мајка му Божана која била почитувана од виничани како умна, услужлива и гостопримна домаќинка, со родољубиви чувства Македонка. Останат без татко уште како дете, Ангел бил воспитуван со личниот пример од својата мајка та ги усвоил и нејзините човечки добрини, нејзината итрина, нејзиниот домаќинлак и чесност. Со личен напор Ангел успева да си осигура прилично завидна материјална состојба во Виница. При создавањето на ВМРО, уште во 1893 година, Ангел станува член во првото раководно тело на Организацијата во Виница заедно со извесните трговци Спиро Ампов и Ѓорѓи Јованчев. Како член на

раководното тело Ангел се појавува со својата смелост, со предприемчивост и со национално сознание, та се беше здобил со неограничена доверба и симпатии кај своите сограѓани и кај населението од околните села. Со неговото име се сврзува и создавањето на првиот канал на ВМРО од Виница до Ќустендил и обратно. Тој е првиот нелегален курир на Организацијата што ги преведуваше луѓето и ја пренесуваше поштата по овој таен канал. Безгранично смел, одличен познавач на теренот, на приликите и воопшто луѓето, Ангел Винички беше дотаму самонадеен дека без пречки ќе ја врши курирската должност, инаку рискантна и опасна, што во една прилика беше го рекол за себе и ова: "И дури ако чуете некој ден дека ме убиле на границата, да не верувате. Уште не е роден тој Турчин, кој може да ме убие или жив да ме фати; се плашам само од некое подло предавство на некој член на Организацијата. Но, дури не видам да се тркалаат лешови пред мене, и дури не го испукам и последниот куршум нема да умрам".

За да не падне во рацете на турската полиција во времето на Виничката афера, Ангел емигрира во Бугарија, и се настанил во Ќустендил. Разбирајќи дека неговата жена и малата ќерка му страдаат од насилствата на турската власт, а имотот му се упропастува, Ангел тргнува вооружен од Ќустендил по старите патишта, пристигнува незабележан од никого во Виница и во првата наредна ноќ, само со жената и детето во раце, среќно ја минува границата и ги води во Ќустендил. При напуштањето на Виница, оставајќи го сиот свој имот Ангел ја теши женаси со следниве зборови: "Ништо не земај со себе! Немој да жалиш и за имотот! Агите тројно ќе го платат." Од овие негови зборови извира и безрезервната вера во скорото ослободување на Македонија, верата во Организацијата што го организирала целиот народ за во даден погоден момент да ја започне борбата и ја извојува победата.

Како емигрант во Ќустендил Ангел станува најповерлива личност на ВМРО и благодарение нему крајграничниот пункт на ВМРО во Ќустендил можел нормално да прифаќа и препраќа револуционерни чети, оружје и други материјали од двете страни на бугарско-турската граница. Тој успешно ги извршувал сите заповеди на Задграничното преставништво на ВМРО и покрај честите ригорозни мерки што бугарската официјална власт ги преземала за да ги прекрати овие комуникации преку Ќустендил. Ангел Винички секогаш наоѓал начини да ги надитри и бугарските

и турските власти и да ја извршува својата патриотична курирска должност без застој. Цели пет години тој успешно го опслужува новосоздадениот таен канал се до кобниот 30 септември 1902 год., кога беше обграден од броен турски аскер и башибозук, и кога во нерамна борба, што траела цели 8 часа, паѓа пронижан од непријателскиот куршум над селото Драгобрашта за да за последен пат ги натопи полите на Осоговијата со својата крв што пред тоа безбројпати ги топеше нејзините патеки со својата пот. Ангел Винички со својот револуционерен живот и со својата херојска смрт го покажа патот и на своите современици и на поколенијата на својот потиснат народ дека слободата може да се извојува само со сопствени сили, само со оружена борба.

И по тој пат тргна македонскиот народ во Илинденското востание, но, тоа востание беше предвреме кренато и не успеа.

Новите настани по Илинденското востание: Младотурската револуција, двете балкански и двете светски војни, сосема ќе ја изменат политичката констелација во светот, а посебно на Балканот. За македонскиот народ овие судбоносни настани ќе имаат погубни последици. Три пати делена Македонија во време на суровите војни, и уште посуровите режими, што владееја во нејзините делови, ќе имаат погубни последици за единството на народот; на неговата револуционерна Организација, а што е уште потрагично, на неговата траумaтизирана психа од разни противположни пропаганди и идеологии што го разбија континуитетот на неговиот првичен организиран отпор и борба против петвековен и повеќедецениски потиснички и денационализаторски и асимилаторски настојувања од поробителите. Сепак, неговата Револуционерна организација што страдаше во виничките настани, опстоја без прекин, и тоа нелегална се до историскиот Референдум на 8 септември 1991 година, кога за првпат во својата историја народот масовно се определи за своја суверена, независна, самосвојна и самостојна Република Македонија. Само во таква Македонија може со восхит и вознес на духот да ја прославува Стогодишнината на онаа бојна и борбена сила-ТМОРО што низ сите перипетии опстана што е единствен пример во светската историја.

ЗАКЛУЧОК И ПОРАКА

По сето дотука искажано од мене како историчар, а и како современик на сето она што се случуваше за овие 6 години од постоењето на Суверената и независна република Македонија, мој заклучок и моја порака би биле овие:

Овој, малку останат христијански-македоснки свет, разнебитен и расејан по сите меридијани, што опстоја цели 6 векови, угнетуван ништен и асимилиран (од 1395 до 1912 под османлиите, а од 1913 до 1991 под "капата" на своите христијански соседи) одбележува 100 години од еден крупен-трагичен настан што ја зафати Источна Македонија наречен "ВИНИЧКА АФЕРА".

Професионално проучувајќи го минатото на својот народ, а едновремено следејќи ги настаните во Република Македонија (борба за превласт на етнички групи и борба за власт на постоечките политички партии), не сум толку загрижен која партија ќе дојде на власт, стига на чело на неа да стојат припадници на вистински интелектуалци, цивилизирани граѓани, хумани космополити. Освен тоа, кај нив да нема ни трага одиозум всаден од минатото спрема други етноси, како и психолошка "накарадност" дека припаѓаат на некоја некогашна владеечка класа во Македонија. Не станува збор за припадници на македонскиот народ, бидејќи нивните претци, никогаш, никого и никаде не подјаремувале и владееле, туку станува збор за евентуални екстремни припадници на современи партии, чии претци како "галени чеда на султанот", макар различни по народносно потекло, а исти по конфесионална и административна припадност, биле најекспонирани во натпреварот за да се покажат и прикажат верни "домининканци" на своите господари, черечејќи ги и уништувајќи ги телата на оној "пис милет" што може да се разбере и од напишаното дотука, и не само од тоа.

Загрижен сум, ако такви дојдат на власт, од нив да не изригне злиот дух од минатото, та наместо да одиме здружено во цивилизираниот свет во претстојниот трет милениум, да не вратат во темното за нас Средновековие. Сепак ме теши сознанието дека

меѓу внуците на оние што грешеле има "покајание" - корекција, што тие припаѓаат на современиот свет, а со самото тоа, меѓу нив има истакнати научници, уметници, кај кои е формирана свест на модерен човек. За несреќа, наспроти нив, по се изгледа (нивни манифестации на јавни и службени места) има и такви од типот на Селим Сеаре чауш на некогашниот Каљош од Зајас, или на современите арамии "ускоци" преку македноската државна граница. Ете загрижен сум токму за да не се "повампири" тој и таков дух, какви што ги имаше и во текот на II светска војна во Западниот дел на Македонија, та да не се изроди и во некоја современа индивидуа.

Наспроти ова, ќе ни биде драго ако дојде умен, учен, чесен, хуман, па нека биде било од која постоечка партија и етничка група, стига народот да го знае како таков и таков да го избере и на највисокото место во државата.

VINICA'S AFFAIR
- review in english language

In 1894 year, Goce Delcev came to work as a teaacher in Stip.He and Damjan Gruev (one of the six founders of TMORO - SMRO) became leaders of the District Committee of the Secret Macedonian Revolutionary Organization in Stip. Almost all the eastern part of Macedonia was involved in this district. Goce Delcev established the so - called channel between Stip and Vinica across the Turkish - Bulgarian border to Kustendil.

Vinica has become the main point in this channel. Many people from the Organization, as well as lots of weapon and post have been transferred through this channel. The channel was functioning normally, which pleased the Organization very much. One unpredicted event became a reason to find out the massive - Revolutionary Organization on this part of Macedonia. One gang of bandits, consisting of local people who came illegally from Bulgaria on the 27th of November, 1897 year, robbed and killed Kazim- bey, a rich Turk from Vinica, as well as the night - guard Vase from Vinica, too. Searching for the bandits, the Turkish police found the weapons, the files of the Organization in Vinica, as well as the list of its' members. Then the arrested people were massively mistreated in the most horrable way. About 600 people have gone through the district prisons and the prison in Skopje, 528 people escaped to Bulgaria and to the mountains, too.

The number of the victims was following : in the prison in Kocani - 172 persons, in the prison in Delcevo - 51 persons, in the prison in Stip 159 persons, in the prison in Palanka 120 persons, in the prison in Kumanovo - 26 persons, and in the prison in Kratovo 64 persons.

The number of the victims was following : 5 persons killed, 5 persons died from torturing, 111 persons were beaten, 85 persons were tortured and 13 men and women were raped.

The burglary in Vinica had severe consequences for the Organization, for the economy, the safety of life and property and for the honor of the people from this region of Makedonia, right after the "AFFAIR". The District and the Regional Committees of TMORO (SMRO) have been reorganized with great efforts. As an enclosure of this book the consular reports of the foreign countries in the " AFFAIR " have been removed to the end.